# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА БИТОЛА (2025-2029)

*-ДОКУМЕНТ-*

БИТОЛА, МАЈ, 2025 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

ВОВЕД 2
1. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА БИТОЛА 5
1.1. Социо-економски карактеристики на Општина Битола 5
1.2. Законска регулатива 9
1.3. Општинска структура за реализација на Социјалниот план (2025-2029) 10
2. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ И РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА 11
3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ 36
3.1. Постојни социјални услуги на локално ниво 38
3.2. Нови социјални услуги на локално ниво 48
4. СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ 52
5. КАПАЦИТЕТИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ НА ЛОКАЛНО НИВО 55
6. ИНДЕКС НА СЛЕДЛИВОСТ 61
7. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ 64
ПРИЛОГ- ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 65

# ВОВЕД

Системот на социјална заштита е од клучно значење за обезбедување на социјална сигурност и благосостојба на граѓаните во Општина Битола. Клучните промени кои вклучуваа реформирање на системот на социјална заштита во Р. Северна Македонија ја наметнаа потребата Општина Битола да ја преземе водечката улога за развој на локален систем од социјални услуги преку мултисекторска соработка.

Социјалната заштита претставува дејност од јавен интерес и се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, како и превенција и надминување на социјалните проблеми што неповолно се одразуваат врз благосостојбата на граѓаните. Основните цели на социјалната заштита се:

- Промовирање и одржување на социјална сигурност на граѓаните;
- Спречување на социјалната исклученост;
- Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните;
- Зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Во основата на социјалната заштита лежат социјалниот ризик и социјалниот проблем. Социјалниот ризик е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото функционирање на поединецот. Основни социјални ризици на кои е изложен поединецот се: мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попреченост. Социјалните проблеми подразбираат настани или ситуации предизвикани од сложени општествени настани, природни несреќи или девијантни однесувања, кои неповолно влијаат врз поединецот, општествените групи или заедници на начин што им го отежнува или оневозможува социјалното функционирање и задоволувањето на човековите потреби, а чии последици не можат да се надминат без организирана општествена акција.

Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување права на парична помош од социјалната заштита и обезбедување услуги и други мерки утврдени со Законот за социјална заштита. Согласно Законот за социјална заштита и Законот за локална самоуправа, носители на социјалната заштита освен државата се и општините, во рамките на своите надлежности, кои преку низа мерки, активности, програми и локални политики креирани согласно потребите на граѓаните се грижат за подобрување на квалитетот на живот. Со цел подобрување на благосостојбата на граѓаните на локално ниво во сферата на социјалната заштита, Општина Битола активно се вклучува во сеопфатно и организирано решавање на проблемите на оние граѓани на кои им се закануваат сиромаштија и социјална исклученост, социјални ризици и проблеми.

Социјалниот план на Општина Битола се фокусира кон зајакнување на капацитетите и инклузија на лицата од ранливи категории за да се намали сиромаштијата и социјалната исклученост. За таа цел, се дефинираат повеќе приоритетни области и активности, кои имаат за

цел да придонесат за унапредување на целокупната социо- економска и здравствена положба на граѓаните на Општина Битола. Генералната цел на Социјалниот план на Општина Битола (2025-2029) е помагање на граѓаните во надминување на социјалните ризици како и развој на интегрален, транспарентен и ефикасен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни и квалитетни мерки и услуги креирани согласно потребите на граѓаните во Општина Битола. Активностите се насочени кон поттикнување, помагање, поддржување и обезбедување на:

- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на социјално маргинализирани групи;
- Услови за згрижување на семејно запуштени деца од улица и иновативни форми за згрижување на сиромашни семејства;
- Помош на лица погодени од несреќи и непогоди;
- Промовирање на родова рамноправност;
- Грижа за стари лица;
- Помош на лица- жртви на семејно насилство;
- Вклучување во партнерски проекти со повисоки нивоа на власт и граѓански организации.

Изработката на Социјален план (2025-2029) е регулирана согласно член 141 од Законот за социјална заштита, во кој се определени правата и обврските, како и обврската за социјално планирање пред органите на регионалната и локалната самоуправа. Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината.

Социјалниот план 2025-2029 година има за задача да ги постави целите и насоките кон кои Општина Битола ќе се стреми во иднина, тежнеејќи да се намали сиромаштијата и социјалната исклученост, да се развијат нови социјални услуги утврдени со законската регулатива, а во согласност со потребите на граѓаните, како и да се зголеми достапноста на социјалните услуги, што ќе резултира со унапредување на социјалната инклузија со еднаква грижа за граѓаните на Општина Битола. Реализацијата на социјалниот план ќе покаже дека општината се грижи на своите граѓани да им обезбеди квалитетен живот со почитување на принципите на еднаквост, правда и почитување на човековите права, давајќи гаранција дека социјалните услуги се квалитетни, навремени и достапни за сите. Социјалниот план дава преглед на целокупните достигнувања и ресурси и ги поставува целите и приоритетите за период од 2025-2029 година, во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост. Планот е изработен во согласност со целите на социјалната заштита и политика на национално и европско ниво. Реализацијата на социјалниот план ќе им овозможи на граѓаните да им се обезбеди благосостојба и квалитетен живот преку обезбедување на квалитетни, навремени и достапни социјални услуги. Документот ќе придонесе за континуирано прилагодување на индивидуалните потреби на граѓаните и стандардите за квалитет на социјалните услуги.

Преку планот ќе може да се следат и проценат планираните мерки за социјална заштита со цел да се избегнат социјалните ризици кои ги ставаат одредени групи во сиромаштија и социјална исклученост. Преку ваков холистички и системско- стратегиски пристап ќе се подобри целокупниот спектар на социјални услуги на локално ниво.

# 1. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА БИТОЛА

## 1.1. Социо-економски карактеристики на Општина Битола

Општина Битола е град во југозападниот дел на Р. Северна Македонија и админинстративен, културен, економски, индустриски, образовен и научен центар. Во развојот на битолската економија значаен фактор претставуваат природните услови кои придонесуваат за забрзан просперитет на Битола. Овие можности се темелат на природниот фактор во земјоделието, шумарскиот потенцијал, минералното богатство и др. Од друга страна пак, аграрот во битолскиот регион дава големи можности за развој на стопанството, со отворање на нови работни места и остварување на финансиски ефекти. Локалната економија на Општина Битола се наоѓа во пост- приватизациски циклус и ги следи трендовите на националната економија. Ваквите случувања резултираат со непродуктивност на компаниите но, и невработеност.
Општина Битола е сместена во Пелагониската котлина, во подножјето на Баба Планина, односно, под Националниот Парк- Пелистер. Битола на запад се граничи со Општина Ресен, на југ е државната граница со Грција, додека на исток се граничи со Општина Новаци и Општина Могила, а на север со Општина Демир Хисар. Општина Битола се наоѓа на југозападниот дел од Р. Северна Македонија и е втор град по големина. Во 2004 година со новата територијална поделба на Р. С. Македонија подрачјето на Општината Битола е утврдено со закон и ги опфаќа градот Битола и 65-те села: Барешани, Бистрица, Братин Дол, Брусник, Буково, Велушина, Габалавци, Гопеш, Горно Егри, Горно Оризари, Граешница, Дихово, Доленци, Долно Егри, Долно Оризари, Драгарино, Драгожани, Драгош, Древеник, Ѓавато, Жабени, Злокуќани, Кажани, Канино, Карамани, Кишава, Кравари, Крклино, Кременица, Крстоар, Кукуречани, Лавци, Лажец, Лера, Лисолај, Логоварди, Лопатица, Магарево, Маловиште, Метимир, Меџитлија, Нижеполе, Ново Змирнево, Облаково, Олевени, Оптичари, Орехово, Острец, Поешево, Породин, Рамна, Раштани, Ротино, Свиниште, Секирани, Снегово, Средно Егри, Српци, Старо Змирнево, Стрежево, Трн, Трново, Цапари, Црнобуки и Црновец.

Согласно податоците добиени од Заводот за статистика, табела 1 покажува вкупно резидентно население, домаќинства и станови во Битола.

**Табела 1. Вкупно резидентно население во Битола, домаќинства и станови**

| **Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во Република Северна Македонија, по општини, Попис 2021** | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | **Население** | **Домаќинства** | **Станови** |
| **Битола** | 85164 | 30154 | 43724 |

Податоци од 30.03.2022
Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

Од табелата може да се види дека вкупниот број на население во Општина Битола изнесува 85164, додека вкупниот број на домаќинства изнесува 30154 и 43724 станови.

Според податоците од Државен Завод за Статистика[1] во селата во Општина Битола населението, домаќинствата и становите е со следната динамика: Барешани бори 146 луѓе, 45 домаќинства и 102 станови. Во Бистрица живеат 734 жители, 238 домаќинства и 359 станови. Во Бистрица живеат 734 жители, 238 домаќинства и 359 станови додека во Братин Дол живеат 168 жители, 58 домаќинства и 110 станови. Брусник има 190 жители, 80 домаќинства и 242 станови, а Буково 1125 население, 375 домаќинства и 656 станови. Во Велушина има 165 население, 44 домаќинства и 100 станови. Габалавци има 69 населени лица, 20 домаќинства и 45 станови. Во Гопеш има 1 жител, 1 домаќинство и 87 станови, додека во Горно Оризари има 2521 населени лица, 814 домаќинства и 1000 станови. Граешница има 202 жители, 32 домаќинства и 56 станови, а во Доленци има население од 236 жители, 53 домаќинства и 56 станови. Дихово има 213 население, 88 домаќинства и 340 станови, додека во Долно Егри не се евидентирани жители. Во Долно Оризари има население од 1734 жители, 540 домаќинства и 692 станови, а во Драгарино има 84 жители, 21 домаќинство и 51 стан. Драгожани брои 117 жители, 32 домаќинства и 80 станови, додека Драгош брои 10 жители, 4 домаќинства и 33 станови. Во Дрвеник има 3 жители, 1 домаќинство и 2 станови, додека во Ѓавато има 35 жители, 21 домаќинство и 122 станови. Жабени брои 144 жители, 48 домаќинства и 59 станови, додека во Злокуќани не се евидентирани нути население, нути домаќинства ниту станови. Во Кажани има 31 жител, додека во Канино 104, а Кажани брои 13 домаќинства и 69 станови, додека Канино 32 домаќинства и 114 станови. Во Карамани има 290 жители, 76 домаќинства и 113 станови а во Кишава 185 жители, 44 домаќинства и 97 станови. Кравари брои 819 жители, 238 домаќинства и 323 станови, додека Кременица има 100 жители, 32 домаќинства и 48 станови. Крклино брои 564 население, 199 домаќинства и 463 станови, додека Крстоар

[1] Податоците се земени од Државен Завод за Статистика, линк: https://makstat.stat.gov.mk/

има 239 жители, 92 домаќинства и 205 станови. Во Кукуречани има 784 население, 240 домаќинства и 537 станови, додека Лавци има 291 жител, 100 домаќинства и 160 станови. Лажец брои 228 жители, 59 домаќинства и 59 станови, а Лера има има 110 жители, 25 домаќинства и 75 станови. Лисолај брои 163 жители, 69 домаќинства и 102 станови. Логоварди има 577 население, 205 домаќинства и 355 станови, додека Лопатица има 212 жители, 63 домаќинства и 120 станови, а пак, Магарево брои 81 жител, 31 домаќинство и 103 станови. Во Маловиште има 50 жители, 31 домаќинство и 165 станови, а во Метимир има само 12 станови а население и домаќинства не се евидентирани. Меџитлија има 156 жители и 30 домаќинства и 30 станови, а Нижеполе 125 жители, 55 домаќинства и 373 станови. Ново Змирново брои 23 жители, 7 домаќинства и 29 станови а во Облаково не се евидентирани население и домаќинства, но има 31 стан. Олевени брои 146 жители, 66 домаќинства и 135 станови, додека Оптичари брои 242 жители, 102 домаќинства и 124 станови. Во Орехово има 9 жители, 5 домаќинства и 17 станови, додека во Острец има 161 жител, 42 домаќинства и 64 станови. Поешево има 196 население, 49 домаќинства и 123 станови, додека Породин брои 139 население, 49 домаќинства и 123 станови. Во Рамна има 22 жители, 8 домаќинства и 88 станови, додека во Раштани има 550 жители, 165 домаќинства и 327 станови. Ротино брои 93 жители, 35 домаќинства и 140 станови, а Свиниште нема евидентирано ниту население, ниту домаќинства и станови. Секирани брои 74 жители, 74 домаќинства и 111 станови, додека во Снегово, Старо Змирново и Стрежево нема евидентирано ништо. Во Средно Егри имљ 219 жители, 66 домаќинства и 82 станови а во Српци 45 жители, 20 домаќинства и 89 станови. Во Трн има 87 жители, 26 домаќинства и 87 станови, додека во Трново има 263 жители, 111 домаќинства и 316 станови. Цапари брои 307 жители, 127 домаќинства и 374 станови, додека Црнобуки 264 жители, 104 домаќинства и 162 станови и Црновец брои 31 жител, 16 домаќинства и 167 станови.

Меѓу поголемите села во Општина Битола со над 700 население се Буково, Горно Оризари, Бистрица, Долно Оризари, Кравари и Кукуречани.

Во развојот на локалната економија значаен фактор претставуваат природните услови кои имаат значително влијание врз развојот на локалната економија и се темелат на земјоделието, шумарскиот потенцијал, минералните суровини и сл. Согласно податоците добиени од Државниот Завод за Статистика, во Општина Битола, вкупниот број на активни субјекти изнесува 3829 и се распределени во следните сектори:

- Земјоделство, шумарство и рибарство- 228;
- Рударство и вадење на камен- 8;
- Преработувачка индустрија- 367;
- Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација- 10;
- Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад, санација на околината- 13;
- Градежништво- 198;
- Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и моторцикли- 1214;

- Транспорт и складирање- 278;
- Објекти за сместување и сервисни дејности со храна- 211;
- Информации и комуникации- 99;
- Финансиски дејности и дејности на осигурување- 21;
- Дејности во врска со недвижен имот- 25;
- Стручни, научни и технички дејности- 394;
- Административни и помошни услужни дејности- 106;
- Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување- 8;
- Образование- 78;
- Дејности за здравствена и социјална заштита- 197;
- Уметност, забава и рекреација- 108;
- Други услужни дејности- 268;
- Дејности по домаќинства како работодавачи-/;
- Дејности на екстратериторијални организации и тела-/;

Општина Битола на континуирана основа вложува во подобрување на патната и подземната инфраструктура во насока на подобрување и промена на истата. Во однос на патната инфраструктура, најголем дел од селата се асфалтирани и само мал дел од селата немаат асфалтиран пат до секој дом. Проблемите со вода за пиење, канализација, улично осветлување и превоз се решаваат на континуирана основа и во најголем дел се решени низ годините.
Градоначалникот и Советот на Општина Битола се залагаат и ќе направат максимални напори во границите на финансиските можности, да обезбедат средства по разни основи што ќе овозможат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ранливите категотии на лица, семејствата настрадани од елементарни непогоди, жртви на насилство и други, како и да се зголемат капацитетите за згрижување на деца до предучилишна возраст во детски градинки. Социјалниот план (2025-2029) ќе претставува рамка за делување од областа на социјалната заштита со цел подобрување на системот, во корист на сегашните и потенцијалните корисници во системот, создавање предуслови за долгорочен, фер и избалансиран развој на сите области и на сите граѓани на Општина Битола.

## 1.2. Законска регулатива

Социјалниот план за периодот 2025-2029 година произлегува од:

1. Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 65 од 31.03.2023 година);
2. Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2025 година (Службен весник на РСМ, бр. 278 од 01.01.2025 година;
3. Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година);
4. Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година);
5. Национална стратегија (2020-2025) и Акциски план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство;
6. Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 17 од 04.02.2025 година);
7. Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството (Службен весник на РСМ, бр. 199 од 03.10.2023 година);
8. Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник на РСМ, бр. 24 од 06.02.2021 година);
9. Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РСМ, бр 37 од 27.02.2025 година);
10. Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20)
11. Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020).
12. Закон за локална самоуправа (Службен весник на РСМ, бр.202 од 01.10.2024 година);
13. Национална програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 година (Службен весник на РСМ, бр. 237 од 08.11.2022 година);
14. Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030;
15. Акциски план на Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2026;
16. Други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија;
17. Програма за остварување на социјалната заштита за 2025 година (Службен весник на РСМ, бр. 278 од 31.12.2024 година),
18. Акциски план за млади 2023 на Општина Битола;
19. Социјален план Битола 2021-2024 на Општина Битола;
20. Извештај од социјалното мапирање на LNOB групите;
21. Локална стратегија за млади на Општина Битола;

22. Правилник за искористување на средства од програма за социјална заштита на општина битола во делот на инфраструктура за лица со попреченоство домот на лицата;
23. Стратегија за еднакви можности Општина Битола 2021-2026;
24. Стратегија за локален економски развој 2023 -2027 на Општина Битола;
25. Стратегија за развој на волонтерството во Општина Битола 2023-2026;
26. Стратегија за родова еднаквост Општина Битола 2021-2025;
27. Стратегија за соработка на Општина Битола со граѓанскиот сектор и негов постојан развој;
28. Програма за еднакви можности на Општина Битола;
29. Програма за култура на Општина Битола;
30. Програма за образование на Општина Битола;
31. Програма за осветлување на Општина Битола;
32. Програма за социјална заштита на Општина Битола;
33. Програма за спорт на Општина Битола;
34. Програма за туризам на Општина Битола;

## 1.3. Општинска структура за реализација на Социјалниот план (2025-2029)

Социјалниот план на Општина Битола го подготвува Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола, а го разгледува Општинскиот Совет за социјална заштита а потоа и Комисија за јавни дејности и го донесува Советот на Општина Битола. Советот на Општина Битола го усвојува социјалниот план со цел да се обезбеди систем во кој се опфатени мерки, активности и средства потребни да задоволување на потребите на граѓаните кои живееат во Општина Битола.
Во Општина Битола е основан Општински совет за социјална заштита од 2019 година. Советот вклучува вклупно 22 членови и секој од нив има свој заменик. Во работата на ОССЗ учествуваат и претставници од општинска администрација, Претставници на Советот на Општина Битола, претставник од сектор за внатрешни работи, претставник од Основно Јавно обвинителство, претставник од Клиничка болница, претставник од Агенција за вработување, претставник од ЈЗУ „Здраствен дом“, како и претставници од Центар за социјални работи, претставник од Бирото за развој на образованието, претставници на Здруженија на граѓани, претставници за Урбани заедници и претставници од религиозни заедници, а по потреба во работата на ОССЗ се вклучуваат и други заинтересирани институции и организации.

Контакт лица одговорни за социјален план на Општина Битола се:
Виолета Налевска, е-маил: viki.nalevska@bitola.gov.mk, контакт тел. +38971222839 и
Симона Јовеска, е-маил: simonajoveska132@gmail.com, контакт тел. +38971385682.

## 2. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ И РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Изработката на социјалниот план претпоставува социјално мапирање. Истото е направено преку консултирање и вклучување на релевантните и клучни институции, организации и здруженија на граѓани во Општина Битола. Целта на социјалното мапирање е креирањето на инклузивно- партиципативен процес што ќе овозможи подобрување на квалитетот на живот и благосостојбата на граѓаните на Општина Битола. Секој од вклучените релевантни чинители го дадоа својот придонес во анализирањето на тековната состојба. Исто така, анализата на состојбата вклучува и анализа на локалните стратегии и програми. При мапирање на социјалните проблеми и ранливите категории направена е анализа на 3 клучни фактори и тоа: демографски, економски и социјални фактори.

**ДЕМОГРАФСКИ ФАКТОРИ**
Анализата вклучува проценка на возрасната структура на населението, структура на населението според пол, етничка припадност, образование, писменост и брачен статус како и анализа на населението според статусот на попреченост.

Табелата 2 го покажува вкупното резидентно население во Битола по возрасни групи и по пол.

**Табела 2. Вкупно резидентно население во Општина Битола по возрасна група и пол**

| Вкупно резидентно население во Република Северна Македонија по 5-годишни возрасни групи и по пол, по општини, Попис 2021 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Возрасна група** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Битола** | | ВКУПНО | **0-4** | **5-9** | **10-14** | **15-19** | **20-24** | **25-29** | **30-34** | **35-39** | **40-44** | **45-49** | **50-54** | **55-59** | **60-64** | **65-69** | **70-74** | **75-79** | **80-84** | **85+** |
| | ВКУПНО | 85164 | 3755 | 4285 | 4380 | 4175 | 4252 | 4893 | 5633 | 6411 | 5926 | 5540 | 5711 | 6162 | 6861 | 6400 | 4620 | 2843 | 1942 | 1375 |
| | **Мажи** | 41845 | 1926 | 2225 | 2277 | 2180 | 2107 | 2497 | 2911 | 3225 | 2976 | 2684 | 2806 | 2963 | 3357 | 3179 | 2067 | 1187 | 759 | 519 |
| | **Жени** | 43319 | 1829 | 2060 | 2103 | 1995 | 2145 | 2396 | 2722 | 3186 | 2950 | 2856 | 2905 | 3199 | 3504 | 3221 | 2553 | 1656 | 1183 | 856 |

Податоци од 30.03.2022

Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

Според податоците на Државниот Завод за Статистика, табелата 2 покажува дека од вкупното население во Битола кое изнесува 85164 жители, доминантно е населението на возраст од 60-64 години, вкупно 6861, а потоа населението на возраст од 65-69, вкупно 6400, па населението на возраст од 55-59, вкупно 6162. Јасно може да се заклучи дека во Битола има возрасно население, и тенденција кон старееење на населението.

Табелата 3 го покажува вкупното резидентно население во Битола според етничката припадност и пол.

**Табела 3. Вкупно резидентно население во Општина Битола според етничка припадност и пол**

| Вкупно попишани, вкупно резидентно население и вкупно нерезидентно население, според етничката припадност и пол, по општини- Попис 2021 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Вкупно попишани** | | | **Вкупно резидентно население** | | | **Вкупно нерезидентно неселение** | | |
| | | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** |
| **Битола** | Етничка припадност - ВКУПНО | 90026 | 44485 | 45541 | 85164 | 41845 | 43319 | 4862 | 2640 | 2222 |
| | Македонци | 72889 | 35626 | 37263 | 69182 | 33629 | 35553 | 3707 | 1997 | 1710 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Албанци | 4809 | 2466 | 2343 | 4018 | 2032 | 1986 | 791 | 434 | 357 |
| | Турци | 1258 | 654 | 604 | 1174 | 607 | 567 | 84 | 47 | 37 |
| | Роми | 2954 | 1528 | 1426 | 2890 | 1488 | 1402 | 64 | 40 | 24 |
| | Власи | 1270 | 663 | 607 | 1205 | 632 | 573 | 65 | 31 | 34 |
| | Срби | 386 | 231 | 155 | 359 | 215 | 144 | 27 | 16 | 11 |
| | Бошњаци | 50 | 23 | 27 | 49 | 22 | 27 | 1 | 1 | - |
| | Други неспомнати | 823 | 446 | 377 | 750 | 401 | 349 | 73 | 45 | 28 |
| | Не се изјасниле | 24 | 13 | 11 | 17 | 9 | 8 | 7 | 4 | 3 |
| | Непознато | 58 | 32 | 26 | 15 | 7 | 8 | 43 | 25 | 18 |
| | Лица за кои податоците се превземени од административни извори | 5505 | 2803 | 2702 | 5505 | 2803 | 2702 | - | - | - |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

Во Општина Битола од вкупниот број на резидентно население, бројот на Албанци кои живеат во Битола изнесува 4018, Турци 1174, Роми 2890, Власи 1205, додека 359 се Срби, 49 Бошњаци и 750 се други неспомнати, а 17 не се изјасниле и 15 се непознати.

Табелата 4 дава преглед на резидентното население во Општина Битола според степенот на образование, пол и возраст.

**Табела 4. Резидентно население во Општина Битола според степен на образование, пол и возраст**

| **Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според највисок степен на образование, пол, возраст, по општини, Попис , 2021** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Највисок степен на школска подготовка - ВКУПНО** | | | **Без образование** | | | **Незавршено основно образование** | | | **Основно образование** | | |
| | | **Пол - ВКУПНО** | **М** | **Ж** | **Пол - ВКУПНО** | **М** | **Ж** | **Пол - ВКУПНО** | **М** | **Ж** | **Пол - ВКУПНО** | **М** | **Ж** |
| **Битола** | **Возрасна група - ВКУПНО** | 72744 | 35417 | 37327 | 933 | 355 | 578 | 2423 | 836 | 1587 | 13671 | 5920 | 7751 |
| | **15-19** | 4175 | 2180 | 1995 | 56 | 32 | 24 | 123 | 67 | 56 | 2898 | 1544 | 1354 |
| | **20-24** | 4252 | 2107 | 2145 | 61 | 28 | 33 | 70 | 26 | 44 | 155 | 83 | 72 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **25-29** | 4893 | 2497 | 2396 | 63 | 35 | 28 | 73 | 34 | 39 | 194 | 94 | 100 |
| | **30-34** | 5633 | 2911 | 2722 | 74 | 31 | 43 | 71 | 35 | 36 | 342 | 183 | 159 |
| | **35-39** | 6411 | 3225 | 3186 | 86 | 38 | 48 | 74 | 32 | 42 | 534 | 259 | 275 |
| | **40-44** | 5926 | 2976 | 2950 | 70 | 26 | 44 | 96 | 46 | 50 | 706 | 342 | 364 |
| | **45-49** | 5540 | 2684 | 2856 | 76 | 28 | 48 | 114 | 44 | 70 | 706 | 302 | 404 |
| | **50-54** | 5711 | 2806 | 2905 | 53 | 25 | 28 | 114 | 50 | 64 | 836 | 375 | 461 |
| | **55-59** | 6162 | 2963 | 3199 | 75 | 34 | 41 | 127 | 55 | 72 | 1120 | 479 | 641 |
| | **60-64** | 6861 | 3357 | 3504 | 74 | 23 | 51 | 189 | 67 | 122 | 1508 | 654 | 854 |
| | **65-69** | 6400 | 3179 | 3221 | 49 | 16 | 33 | 228 | 97 | 131 | 1456 | 586 | 870 |
| | **70-74** | 4620 | 2067 | 2553 | 44 | 13 | 31 | 209 | 70 | 139 | 1181 | 389 | 792 |
| | **75-79** | 2843 | 1187 | 1656 | 31 | 6 | 25 | 292 | 63 | 229 | 857 | 253 | 604 |
| | **80-84** | 1942 | 759 | 1183 | 44 | 5 | 39 | 329 | 78 | 251 | 688 | 206 | 482 |
| | **85-89** | 1089 | 408 | 681 | 59 | 11 | 48 | 242 | 57 | 185 | 391 | 129 | 262 |
| | **90-94** | 252 | 97 | 155 | 16 | 4 | 12 | 63 | 13 | 50 | 88 | 36 | 52 |
| | **95-99** | 32 | 14 | 18 | 2 | - | 2 | 9 | 2 | 7 | 10 | 6 | 4 |
| | **100+** | 2 | - | 2 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | 1 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

**Табела 5. Резидентно население во Општина Битола според степен на образование, пол и возраст (продолжува)**

| **Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според највисок степен на образование, пол, возраст, по општини, Попис , 2021** | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Средно образование** | | **Високо образование** | | | | **Магистратура** | | | **Докторат** | | | **Непознато** | | |
| | | **Пол - ВКУПНО** | **М** | **Ж** | **Пол - ВКУПНО** | **М** | **Ж** | **Пол - ВКУПНО** | **М** | **Ж** | **Пол - ВКУПНО** | **М** | **Ж** | **Пол – ВКУПНО** | **М** | **Ж** |
| **Битола** | **Возрасна група - ВКУПНО** | 34972 | 18970 | 16002 | 16861 | 7467 | 9394 | 1726 | 748 | 978 | 331 | 160 | 171 | 1827 | 961 | 866 |
| | **15-19** | 985 | 490 | 495 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 113 | 47 | 66 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **20-24** | 3141 | 1637 | 1504 | 604 | 209 | 395 | 16 | 8 | 8 | - | - | - | 205 | 116 | 89 |
| | **25-29** | 2311 | 1397 | 914 | 1711 | 688 | 1023 | 268 | 99 | 169 | 4 | 2 | 2 | 269 | 148 | 121 |
| | **30-34** | 2272 | 1428 | 844 | 2087 | 878 | 1209 | 445 | 172 | 273 | 26 | 10 | 16 | 316 | 174 | 142 |
| | **35-39** | 3040 | 1801 | 1239 | 2080 | 805 | 1275 | 330 | 143 | 187 | 43 | 19 | 24 | 224 | 128 | 96 |
| | **40-44** | 3248 | 1859 | 1389 | 1415 | 544 | 871 | 200 | 70 | 130 | 48 | 16 | 32 | 143 | 73 | 70 |
| | **45-49** | 3205 | 1744 | 1461 | 1146 | 430 | 716 | 131 | 58 | 73 | 40 | 18 | 22 | 122 | 60 | 62 |
| | **50-54** | 3210 | 1728 | 1482 | 1224 | 507 | 717 | 111 | 44 | 67 | 50 | 11 | 39 | 113 | 66 | 47 |
| | **55-59** | 3159 | 1626 | 1533 | 1455 | 643 | 812 | 81 | 48 | 33 | 25 | 15 | 10 | 120 | 63 | 57 |
| | **60-64** | 3419 | 1754 | 1665 | 1553 | 781 | 772 | 56 | 40 | 16 | 32 | 21 | 11 | 30 | 17 | 13 |
| | **65-69** | 3180 | 1694 | 1486 | 1398 | 736 | 662 | 29 | 19 | 10 | 21 | 14 | 7 | 39 | 17 | 22 |
| | **70-74** | 1996 | 948 | 1048 | 1110 | 593 | 517 | 29 | 24 | 5 | 21 | 14 | 7 | 30 | 16 | 14 |
| | **75-79** | 1008 | 476 | 532 | 598 | 356 | 242 | 11 | 6 | 5 | 11 | 10 | 1 | 35 | 17 | 18 |
| | **80-84** | 511 | 251 | 260 | 323 | 192 | 131 | 13 | 11 | 2 | 5 | 5 | - | 29 | 11 | 18 |
| | **85-89** | 239 | 117 | 122 | 127 | 85 | 42 | 2 | 2 | - | 3 | 3 | - | 26 | 4 | 22 |
| | **90-94** | 44 | 18 | 26 | 26 | 18 | 8 | 4 | 4 | - | 2 | 2 | - | 9 | 2 | 7 |
| | **95-99** | 4 | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | 3 | 2 | 1 |
| | **100+** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | - | 1 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

Ако се видат табелите 4 и 5 јасно може да се види дека без образование најмногу се на возраст од 35-39 години, или вкупно 86 од кои 38 се мажи и 48 се жени. Со основно образование најголем дел се на возраст од 15-19 години, или вкупно 2898 од кои 1544 се мажи и 1354 се жени. Со средно образование, најголем дел припаѓаат на возрасната група од 60-64 години или вкупно 3419, од кои 1754 се мажи и 1665 се жени. Со високо образование, најголем дел припаѓаат на возрасната група 30-34 години или вкупно 2087, од кои мажи се 878 и 1209 се жени и на возрасната група 35 до 39 години, или вкупно 2080, од кои 805 се мажи и 1275 се жени. Со магистратура најмногу се на возраст од 30-34 години, или вкупно 445 од кои 172 се мажи и 273 се жени. Со докторат најмногу се на возраст од 40-44 години или вкупно 48, од кои 16 се мажи и 32 се жени и на возраст од 50-54 години, или вкупно 50 од кои 39 се жени и 11 се мажи. Треба да се истакне дека меѓу образованото население со високо образование, магистратура и докторат доминантно се жени во Битола.

Табелата 6 дава преглед на резидентното население во Општина Битола според на писменост, пол и возраст.

**Табела 6. Вкупно резидентно население според писменост, пол и возраст**

| Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според писменост и пол, по општини, Попис, 2021 | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Писменост - ВКУПНО** | | | **Писмен** | | | **Неписмен** | | | **Непознато** | | |
| | | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** |
| **Битола** | **Возрасна група - ВКУПНО** | 72744 | 35417 | 37327 | 70149 | 34193 | 35956 | 768 | 263 | 505 | 1827 | 961 | 866 |
| | **15-19** | 4175 | 2180 | 1995 | 4025 | 2113 | 1912 | 37 | 20 | 17 | 113 | 47 | 66 |
| | **20-24** | 4252 | 2107 | 2145 | 4001 | 1970 | 2031 | 46 | 21 | 25 | 205 | 116 | 89 |
| | **25-29** | 4893 | 2497 | 2396 | 4574 | 2327 | 2247 | 50 | 22 | 28 | 269 | 148 | 121 |
| | **30-34** | 5633 | 2911 | 2722 | 5253 | 2713 | 2540 | 64 | 24 | 40 | 316 | 174 | 142 |
| | **35-39** | 6411 | 3225 | 3186 | 6127 | 3072 | 3055 | 60 | 25 | 35 | 224 | 128 | 96 |
| | **40-44** | 5926 | 2976 | 2950 | 5720 | 2884 | 2836 | 63 | 19 | 44 | 143 | 73 | 70 |
| | **45-49** | 5540 | 2684 | 2856 | 5354 | 2601 | 2753 | 64 | 23 | 41 | 122 | 60 | 62 |
| | **50-54** | 5711 | 2806 | 2905 | 5546 | 2720 | 2826 | 52 | 20 | 32 | 113 | 66 | 47 |
| | **55-59** | 6162 | 2963 | 3199 | 5988 | 2878 | 3110 | 54 | 22 | 32 | 120 | 63 | 57 |
| | **60-64** | 6861 | 3357 | 3504 | 6761 | 3319 | 3442 | 70 | 21 | 49 | 30 | 17 | 13 |
| | **65-69** | 6400 | 3179 | 3221 | 6311 | 3143 | 3168 | 50 | 19 | 31 | 39 | 17 | 22 |
| | **70-74** | 4620 | 2067 | 2553 | 4542 | 2034 | 2508 | 48 | 17 | 31 | 30 | 16 | 14 |
| | **75-79** | 2843 | 1187 | 1656 | 2783 | 1167 | 1616 | 25 | 3 | 22 | 35 | 17 | 18 |
| | **80-84** | 1942 | 759 | 1183 | 1883 | 743 | 1140 | 30 | 5 | 25 | 29 | 11 | 18 |
| | **85-89** | 1089 | 408 | 681 | 1018 | 402 | 616 | 45 | 2 | 43 | 26 | 4 | 22 |
| | **90-94** | 252 | 97 | 155 | 236 | 95 | 141 | 7 | - | 7 | 9 | 2 | 7 |
| | **95-99** | 32 | 14 | 18 | 26 | 12 | 14 | 3 | - | 3 | 3 | 2 | 1 |
| | **100+** | 2 | - | 2 | 1 | - | 1 | - | - | - | 1 | - | 1 |

Податоци од 30.03.2022
Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

Табелата 7 дава преглед на вкупното резидентно население во Општина Битола според брачниот статус, пол и возраст.

**Табела 7. Резидентно население во Општина Битола според брачен статус и возраст**

| **Вкупно резидентно население на Република Северна Македонија на возраст над 15 години според брачниот статус, пол, возраст, по општини, Попис, 2021** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Брачна состојба - ВКУПНО** | **Неженети** | **Женети** | **Вдовци** | **Разведени** | **Непознато** |
| **Битола** | **Возрасна група - ВКУПНО** | 72744 | 16951 | 46829 | 6098 | 1459 | 1407 |
| | **15-19** | 4175 | 4087 | 59 | - | 1 | 28 |
| | **20-24** | 4252 | 3735 | 465 | - | 6 | 46 |
| | **25-29** | 4893 | 3162 | 1652 | - | 12 | 67 |
| | **30-34** | 5633 | 1911 | 3630 | 6 | 37 | 49 |
| | **35-39** | 6411 | 1384 | 4863 | 20 | 84 | 60 |
| | **40-44** | 5926 | 694 | 4919 | 34 | 160 | 119 |
| | **45-49** | 5540 | 483 | 4674 | 77 | 212 | 94 |
| | **50-54** | 5711 | 428 | 4811 | 148 | 206 | 118 |
| | **55-59** | 6162 | 372 | 5135 | 298 | 230 | 127 |
| | **60-64** | 6861 | 279 | 5620 | 618 | 197 | 147 |
| | **65-69** | 6400 | 193 | 4948 | 954 | 165 | 140 |
| | **70-74** | 4620 | 107 | 3152 | 1152 | 80 | 129 |
| | **75-79** | 2843 | 58 | 1637 | 1026 | 44 | 78 |
| | **80-84** | 1942 | 40 | 857 | 930 | 19 | 96 |
| | **85+** | 1375 | 18 | 407 | 835 | 6 | 109 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

Според податоците прикажани во табелата 7, добиени од Државен Завод за Статистика во Битола доминираат женети жители, или вкупно 46829, на возраст од 60-64 години.

Табелата 8 дава преглед на вкупниот број на згради со енергетски ефикасна фасада, лифт и пристап за лицата со попреченост во Општина Битола.

**Табела 8. Број на згради со енергетски ефикасна фасада, лифт и пристап за лицата со попреченост во Општина Битола**

| Згради со енергетски ефикасна фасада, лифт и пристап за лицата со попреченост, по општини, Попис 2021 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Згради - ВКУПНО | Згради со енергетски ефикасна фасада | Згради без енергетски ефикасна фасада | Непознато, енергетски ефикасна фасада | Згради со лифт | Згради без лифт | Непознато, лифт | Згради со пристап за лица со посебни потреби | Згради без пристап за лица со посебни потреби | Непознато, пристап за лица со посебни потреби |
| 24530 | 5863 | 18482 | 185 | 171 | 24174 | 185 | 394 | 23951 | 185 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

Табелата 9 дава преглед на резидентното население во Општина Битола според статусот на попреченост по возрасни групи и пол.

**Табела 9. Резидентно население во Општина Битола според статусот на попреченост по возрасни групи и пол**

| Вкупно резидентно население според статусот на попреченост по возрасни групи и пол , по општини, Попис 2021 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** |
| **Битола** | **Статус на попреченост- ВКУПНО** | Возрасна група - ВКУПНО | 85164 | 41845 | 43319 |
| | | 0-14 | 12420 | 6428 | 5992 |
| | | 15-65 | 55564 | 27706 | 27858 |
| | | 65+ | 17180 | 7711 | 9469 |
| | **Да - Со попореченост** | Возрасна група - ВКУПНО | 5141 | 2240 | 2901 |
| | | 0-14 | 90 | 52 | 38 |
| | | 15-65 | 2146 | 1077 | 1069 |
| | | 65+ | 2905 | 1111 | 1794 |
| | **Не - Без попореченост** | Возрасна група - ВКУПНО | 72353 | 35692 | 36661 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 | 9398 | 4838 | 4560 |
| | | 15-65 | 49690 | 24693 | 24997 |
| | | 65+ | 13265 | 6161 | 7104 |
| | **Не се изјаснил** | Возрасна група - ВКУПНО | 188 | 84 | 104 |
| | | 0-14 | 7 | 3 | 4 |
| | | 15-65 | 94 | 47 | 47 |
| | | 65+ | 87 | 34 | 53 |
| | **Лица за кои податоците се превземени од административни извори** | Возрасна група - ВКУПНО | 5505 | 2803 | 2702 |
| | | 0-14 | 964 | 516 | 448 |
| | | 15-65 | 3623 | 1884 | 1739 |
| | | 65+ | 918 | 403 | 515 |
| | **Непознато** | Возрасна група - ВКУПНО | 1977 | 1026 | 951 |
| | | 0-14 | 1961 | 1019 | 942 |
| | | 15-65 | 11 | 5 | 6 |
| | | 65+ | 5 | 2 | 3 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

Согласно податоците добиени од Државен Завод за Статистика, во Битола има вкупно 5141 жители со попреченост, од кои 2240 се мажи и 2901 се жени (доминираат жени со попреченост). Воглавно, лицата со попреченост се од женски пол. На возраст од 0-14 години, бројот на лица со попреченост изнесува вкупно 90, од кои 52 се мажи и 38 жени, додека на возраст од 15-65 години, вкупниот број на лица со попреченост изнесува 2146, од кои 1077 се мажи и 1069 се жени. На возраст од +65 вкупниот број на лицата со попреченост изнесува 2905, од кои 1111 се мажи и 1794 се жени. Најголем број лица со попреченост се старите лица +64, што ги прави ранлива категорија.

Табелата 10 дава преглед на резидентното население во Општина Битола според видот на попреченост по возрасни групи и пол.

**Табела 10. Резидентно население во Општина Битола според видот на попреченост по возрасни групи и пол**

| **Вкупно резидентно население според видот на попреченоста, групи на возраст и пол, по општини, Попис 2021** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** |
| **Битола** | **Вид на попореченост- ВКУПНО** | Возрасна група - ВКУПНО | 5141 | 2240 | 2901 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 | 90 | 52 | 38 |
| | | 15-65 | 2146 | 1077 | 1069 |
| | | 65+ | 2905 | 1111 | 1794 |
| | **Со движењето** | Возрасна група - ВКУПНО | 2058 | 817 | 1241 |
| | | 0-14 | 15 | 10 | 5 |
| | | 15-65 | 715 | 354 | 361 |
| | | 65+ | 1328 | 453 | 875 |
| | **Со видот** | Возрасна група - ВКУПНО | 679 | 294 | 385 |
| | | 0-14 | 18 | 10 | 8 |
| | | 15-65 | 313 | 145 | 168 |
| | | 65+ | 348 | 139 | 209 |
| | **Со слухот** | Возрасна група - ВКУПНО | 324 | 159 | 165 |
| | | 0-14 | 1 | - | 1 |
| | | 15-65 | 73 | 42 | 31 |
| | | 65+ | 250 | 117 | 133 |
| | **Со комуникацијата** | Возрасна група - ВКУПНО | 256 | 146 | 110 |
| | | 0-14 | 21 | 12 | 9 |
| | | 15-65 | 145 | 92 | 53 |
| | | 65+ | 90 | 42 | 48 |
| | **Други потешкотии** | Возрасна група - ВКУПНО | 1824 | 824 | 1000 |
| | | 0-14 | 35 | 20 | 15 |
| | | 15-65 | 900 | 444 | 456 |
| | | 65+ | 889 | 360 | 529 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

Од аспект на видот на попреченост, прикажани во табелата 10, најголем дел се лица на возраст +65 кои имаат попреченост во движењето, вкупно 1328, од кои 453 се мажи и 875 се жени додека со попреченост на видот, повторно најголем дел се на возраст +65, или вкупно 348, од кои 139 се мажи и 209 се жени. Со попреченост во слухот, вкупниот број на лица изнесува 250, од кои 117 се мажи и 133 се жени, на возраст од +65. Со попреченост во комуникацијата и други потешкотии имаат лица на возраст +65 години, од кои пречки во

комуникацијата има вкупно 145 лица, од кои 92 се мажи и 53 се жени, додека со други потешкотии се вкупно 900 лица од кои 444 се мажи и 456 се жени.

## ЕКОНОМСКИ ФАКТОРИ

Анализата вклучува анализа на невработеноста во Општина Битола според пол, возраст, образование и национална припадност. Според податоците на Агенцијата за вработување, вкупниот број на невработени лица во Битола изнесува 3438, од кои 2790 се невработени во град и 648 се невработени во село.[2]

**Табела 11. Структура на невработени и други лица по полова структура**

| 31.12.2024 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Евидентирани невработени лица/ Пол** | **Невработени лица** | **%** | **Други лица кои бараат работа** | **%** | **Вкупно (невработени +други лица)** | **%** |
| **Вкупно** | 3522 | 100 | 1908 | 100 | 5430 | 100 |
| **Мажи** | 1678 | 47.6 | 794 | 41.6 | 2472 | 45.5 |
| **Жени** | 1844 | 52.4 | 1114 | 58.4 | 2958 | 54.5 |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија

Табелата покажува дека според половата структура вкупно невработени лица се 3522 од кои 1658 се невработени лица од машки пол, додека 1844 се невработени лица од женски пол. Вкупниот број на други лица кои бараат работа изнесува 1908. Вкупниот број на невработени лица и други лица кои бараат работа изнесува 5430.

**Табела 12. Структура на невработени и други лица според возраст**

| 31.12.2024 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Евидентирани невработени лица/ Возраст** | **Невработени лица** | **%** | **Други лица кои бараат работа** | **%** | **Вкупно (невработени +други лица)** | **%** |
| **Вкупно** | 3522 | 100 | 1908 | 100 | 5430 | 100 |
| До 19 | 46 | 1.3 | 12 | 0.6 | 58 | 1.1 |
| Од 20 до 24 | 240 | 6.8 | 94 | 4.9 | 334 | 6.2 |

[2] Податоците се добиени закучно со 31.03.2025 година, https://av.gov.mk/nevrabotenost.nspx

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Од 25 до 29 | 309 | 8.8 | 124 | 6.5 | 433 | 8 |
| Од 30 до 34 | 330 | 9.4 | 151 | 7.9 | 481 | 8.9 |
| Од 35 до 39 | 402 | 11.4 | 170 | 8.9 | 572 | 10.5 |
| Од 40 до 44 | 376 | 10.7 | 208 | 10.9 | 587 | 10.8 |
| Од 45 до 49 | 389 | 11 | 238 | 12.5 | 627 | 11.5 |
| Од 50 до 54 | 392 | 11.1 | 276 | 14.5 | 668 | 12.3 |
| Од 55 до 59 | 478 | 13.6 | 344 | 18 | 822 | 15.1 |
| 60 и повеќе | 560 | 15.9 | 291 | 15.3 | 851 | 15.7 |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија

Табелата 13 дава преглед на невработените лица во Битола според возрасна структура заклучно со 31.03.2025 година.

**Табела 13. Невработени лица во Битола според возрасна структура**

| **Центар за вработување** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год** | | **Од 20 до 24 год** | | **Од 25 до 29 год** | | **Од 30 до 34 год** | | **Од 35 до 39 год** | | **Од 40 до 44 год** | | **Од 45 до 49 год** | | **Од 50 до 54 год** | | **Од 55 до 59 год** | | **Од 60 год и повеќе** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 3438 | 1810 | 35 | 24 | 219 | 120 | 300 | 161 | 357 | 202 | 392 | 214 | 364 | 233 | 380 | 200 | 387 | 216 | 458 | 230 | 546 | 210 |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија
https://av.gov.mk/nevrabotenost.nspx

Табелата 13 покажува дека од вкупниот број на невработени лица во Битола, кој изнесува 3438, најголем број на невработени лица се на возраст од 60 години и повеќе, вкупно 546, од кои 210 се жени и 336 се мажи и на возраст од 55 до 59 години кој изнесува 458, од кои 230 се жени и 228 се мажи. На возраст од 15-19 години, вкупно се невработени 35 лица, од кои 24 се жени и 11 се мажи, додека на возраст од 20-24 години, вкупно се 219, од кои 120 се жени и 99 се мажи. На возраст од 25 до 29 години од вкупно 300 невработени, 161 се жени и 139 се мажи, додека на возраст од 30-34 години, од вкупно 357 невработени 202 се жени и 155 се мажи. На возраст од 35-39 години вкупно невработени се 392, од кои 214 се жени и 178 се мажи, додека на возраст од 40 до 44 години, вкупно невработени се 364 од кои 233 се жени и 131 се мажи. Вкупно невработени лица на возраст од 45-49 години се 380, од кои 200 се жени и 180 се мажи, додека на возраст од 50 до 54 години, вкупно невработени се 387, од кои 216 се жени и 171 мажи. Невработени лица од 55 до 59 се вкупно 458, од кои 230 се жени и 228 мажи и на возраст од 60 години и повеќе, вкупно се 546, од кои 210 се жени и 33 се мажи. Во однос на невработените доминираат жени.

Табелата 14 дава преглед на невработените лица во Битола според возрасна структура заклучно со 31.12.2024 година[3]

**Табела 14. Невработени лица во Битола според возрасна структура**

| **Центар за вработување** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год** | | **Од 20 до 24 год** | | **Од 25 до 29 год** | | **Од 30 до 34 год** | | **Од 35 до 39 год** | | **Од 40 до 44 год** | | **Од 45 до 49 год** | | **Од 50 до 54 год** | | **Од 55 до 59 год** | | **Од 60 год и повеќе** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 3522 | 1844 | 46 | 24 | 240 | 137 | 309 | 154 | 330 | 191 | 402 | 222 | 376 | 235 | 389 | 204 | 392 | 224 | 478 | 245 | 560 | 208 |
| **Вкупно** | 3522 | 1844 | 46 | 24 | 240 | 137 | 309 | 154 | 330 | 191 | 402 | 222 | 376 | 235 | 389 | 204 | 392 | 224 | 478 | 245 | 560 | 208 |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија
https://av.gov.mk/nevrabotenost.nspx

Табелата 14 покажува дека од вкупниот број на невработени лица во Битола, кој изнесува 3522, најголем број на невработени лица се на возраст од 60 години и повеќе, вкупно 560, од кои 208 се жени и на возраст од 55 до 59 години кој изнесува 478, од кои 245 се жени. Забележливо е дека на возраст од 30-34 години, невработени се жени, исто како и на возраст од 35-39 години, невработени се повеќе жени. Ист е случајот, и на возраст од 40-44 години,45-49 години, 50-54 години. Анализите покажуваат од една страна дека жените се повеќе образовани (табела 4,5,6) а од друга страна, жените се помалку вработени. Во таа насока се наметнува потребата од фокусирање на напорите кон зајакнување и искористување на капацитетот на жените како вреден ресурс во Битола, како и фокусирање кон подобрување на родовата еднаквост.

Табелата 15 дава преглед на невработените лица во Битола според школска подготовка заклучно со 31.03.2025 година.

[3] Податоците се добиени од страна на Агенција за вработување, заклучно со 31.12.2024

**Табела 15. Невработени лица во Битола според школска подготовка**

| Центар за вработување | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 3438 | 1810 | 1721 | 852 | 270 | 118 | 874 | 456 | 71 | 43 | 465 | 315 | 36 | 26 | 1 | 0 |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија
https://av.gov.mk/nevrabotenost.nspx

Од податоците во табелата јасно може да се види дека најголем број на невработени лица се без образование и со основно образование, вкупно 1721, од кои 852 се жени а потоа се невработени со завршено средно образование, вкупно 874, од кои 456 се жени. Како што се зголемува нивото на школска подготовка, бројот на невработени лица опаѓа.

Табелата 16 дава преглед на невработени лица според образовен профил и возрасна структура заклучно со 31.12.2024 година.

**Табела 16. Невработени лица во Битола според образовен профил и возрасна структура**

| **Училишна подготовка** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год** | | **Од 20 до 24 год** | | **Од 25 до 29 год** | | **Од 30 до 34 год** | | **Од 35 до 39 год** | | **Од 40 до 44 год** | | **Од 45 до 49 год** | | **Од 50 до 54 год** | | **Од 55 до 59 год** | | **Од 60 год и повеќе** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Без образование и со основно училиште | 1803 | 892 | 22 | 16 | 107 | 62 | 120 | 55 | 147 | 81 | 169 | 88 | 184 | 102 | 234 | 114 | 245 | 142 | 271 | 125 | 304 | 107 |
| Непотполно средно училиште | 275 | 116 | 2 | 0 | 5 | 1 | 10 | 2 | 14 | 7 | 32 | 13 | 32 | 18 | 30 | 12 | 18 | 9 | 61 | 35 | 71 | 19 |
| Завршено средно училиште | 873 | 455 | 21 | 8 | 85 | 43 | 91 | 43 | 91 | 54 | 99 | 49 | 74 | 48 | 84 | 49 | 94 | 48 | 102 | 55 | 132 | 58 |
| Заврше на виша школа | 77 | 44 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 4 | 3 | 3 | 2 | 14 | 11 | 23 | 13 | 30 | 13 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Завршен факултет | 463 | 316 | 0 | 0 | 43 | 31 | 80 | 49 | 75 | 47 | 89 | 64 | 60 | 36 | 36 | 25 | 20 | 13 | 19 | 16 | 22 | 11 |
| Магистри на науки | 30 | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 5 | 3 | 2 | 11 | 7 | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Доктори на науки | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **3522** | **1844** | **46** | **24** | **240** | **137** | **309** | **154** | **330** | **191** | **402** | **222** | **235** | **389** | **389** | **204** | **392** | **224** | **478** | **245** | **560** | **208** |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија

Табелата 16 покажува дека најголем дел од невработените лица се без образование и со основно училиште или вкупно 1803, од кои 892 се жени а мажи се 911. Потоа најголем дел од невработените лица се со завршено средно училиште или 873 невработени лица од кои 455 се жени.

Табелата 17 дава преглед на невработените лица во Битола според време на чекање заклучно со 31.03.2025 година.

**Табела 17. Невработени лица во Битола според време на чекање**

| **Центар за вработување** | **Вкупно** | | **Под 1 месец** | | **Од 1 до 5 месеци** | | **Од 6 до 11 месеци** | | **Од 12 до 17 месеци** | | **Од 18 до 23 месеци** | | **2 години** | | **3 години** | | **4 години** | | **5 до 7 години** | | **8 години и повеќе** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 3438 | 1810 | 169 | 95 | 691 | 391 | 359 | 205 | 235 | 134 | 164 | 96 | 248 | 126 | 191 | 89 | 245 | 130 | 676 | 328 | 460 | 216 |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија
https://av.gov.mk/nevrabotenost.nspx

Табелата 17 покажува дека според времето на чекање од вкупно 3438 невработени лица, најголем број од вкупно 691 лице, за работа чекаат од 1 до 5 месеци. Од нив 391 лице се жени. Исто така, вкупно 676 лица од кои 328 се жени, чекаат за работа од 5 до 7 години и релативно висока бројка од вкупно 460 чекаат за работа повеќе од 8 години.

Табелата 18 дава преглед на невработените лица во Битола според националност заклучно со 31.03.2025 година.

**Табела 18. Невработени лица во Битола според националност**

| Центар за вработување | Вкупно | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 3438 | 1810 | 2305 | 1202 | 189 | 97 | 105 | 66 | 743 | 394 | 7 | 5 | 7 | 3 | 2 | 1 | 80 | 42 |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија
https://av.gov.mk/nevrabotenost.nspx

Од табелата 18 може да се види дека најмногу невработени лица се од македонска и ромска националност. Невработени лица од македонска националност се вкупно 2305 од кои 202 се жени, додека од ромска националност се вкупно 743 од кои 394 се жени. Ако се направи споредба кај сите националности може да се види дека кај македонците, албанците, турците, ромите и србите доминираат жените како невработени лица.

Табелата 19 дава преглед на невработените лица во Битола според националност заклучно со 31.12.2024 година.

**Табела 19. Невработени лица во Битола според националност**

| Центар за вработување | Вкупно | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 3522 | 1844 | 2344 | 1226 | 200 | 103 | 114 | 68 | 774 | 401 | 6 | 4 | 7 | 4 | 2 | 1 | 75 | 37 |
| **Вкупно** | 3522 | 1844 | 2344 | 1226 | 200 | 103 | 114 | 68 | 774 | 401 | 6 | 4 | 7 | 4 | 2 | 1 | 75 | 37 |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија

## СОЦИЈАЛНИ ФАКТОРИ

Мапирањето на социјалните фактори е направено врз основа на податоците добиени од страна на Јавната Установа Меѓуопштински Центар за Социјална Работа- Битола (ЈУМЦСР). Врз основа на добиените податоци, социјалните фактори вклучуваат мапирање на состојбата од аспектите: сиромаштија, попреченост, старост, насилство, дрога и алкохол, деца без родителска грижа и деца на улица.
Анализата согласно добиените податоци од ЈУМЦСР со состојба 31.12.2024 година е следна:

## 1. Сиромаштија

По Закон за социјална заштита, социјално загрозени (со ниска економска активност) се корисници на гарантирана минимална помош. Вкупниот број на носители (домаќинства) на гарантирана минимална помош во Битола изнесува 1251.
По новиот Закон за социјална заштита, надоместок за енергетска сиромаштија се исплаќа на корисниците на Гарантирана минимална помош и корисниците на Социјална сигурност за стари лица во период на грејна сезона за месеците 10,11,12,01,02,03, во износ од **1.000,00** денари кој се усоглаува со трошоците за животен стандард.

Корисниците на Гарантиран детски додаток се со минимален приход или се корисници на Гарантирана минимална помош и се вкупно 750 носители (домаќинства).
Многудетни семејства се корисниците на Родителски додаток за трето и Родителски додаток за четврто дете, од кои вкупниот број на носители на Родителски додаток за трето дете изнесува 395, додека вкупниот број на носители на Родителски додаток за четврто дете изнесува 6 (табела 20).

**Табела 20. Социјално загрозени лица во Општина Битола[4]**

| | Вид на социјална помош | Број на носители |
|---|---|---|
| **Битола** | Гарантирана минимална помош | 1251 |
| | Гарантиран детски додаток | 750 |
| | Носители на родителски додаток за трето дете | 395 |
| | Носители на родителски додаток за четврто дете | 6 |
| | Корисници на образовен додаток | 568 |
| | Еднократна парична помош за прво, второ родено дете | 492 |
| | Самохрани родители корисници на Посебен додаток од 0-26 годишна возраст | 48 |
| | Паричен надоместок за помош и нега од друго лице | 2738 |

[4] Дадените податоци за права и услуги од социјална заштита за активни корисници, со состојба 31.12.2024 година, се за општините Битола, Новаци и Могила (од технички причини не се во можност да доставаат податоци само за Општина Битола).

| | | |
|---|---|---|
| | Надоместок за плата за скратено работно време- активни носители на право | 23 |
| | Додаток за домување | 1 |
| | Еднократна парична помош | 223 |
| | Право на здравствена заштита | 376 |
| | Лице со статус на признаен бегалец и лица со суспидијарна заштита | Нема евидентирани |
| | Корисници на вон-семејна заштита (малолетни и полнолетни) | 76 |
| | Траен надоместок за родител кој се грижел за дете со попреченост | 6 |
| | Посебен додаток | 357 |
| | Народна кујна | 120 |
| | Цивилна инвалидна | 8 |

Извор: Јавната Установа Меѓуопштински Центар за Социјална Работа- Битола (ЈУМЦСР)

Вкупниот број на корисници на Образовен додаток, или според стариот Закон, условен надоместок изнесува 568, со состојба 31.12..2024 година.
Во 2024 година, еднократана парична помош за прво и второ родено дете е исплатено на **492** носители на право, додека самохрани родители, корисници на Посебен додаток од 0 -26 годишна возраст на дете се **48.**

Вкупниот број на корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице помош, состојба со 31.12.2024 год., се 2**738** лица со нарушена здравствена состојба.

**2. Старост**

Според податоците добиени од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Р. С. Македонија, вкупниот број на пензионери во Општина Битола изнесува 21 737, од кои 10088 се пензионери од машки пол и 11 649 пензионери од женски пол.

Вкупниот број на корисници на инвалидска пензија во Битоа се вкупно 270, од кои 175 се мажи и 95 се жени, додека вкупниот број на корисници на семејна пензија се 371 мажи и 3833 жени.
Вкупниот број на корисници на старосна пензија во Општина Битола се 16231, од кои 9062 се мажи и 7151 се жени.
Според видот на пензии воена пензија примаат 19 мажи и 46 жени, земјоделска пензија 0 мажи и 2 жени, додека со телесно единствено право 31 маж и 131 жена.
Согласно податоците добиени од Здружението за пензионери, вкупниот број на пензионери, членови на ЗП, изнесува 20 006.[5]
Според податоците од ЈУ МЦСР- Битола, вкупниот број на стари лица над 65 годишна возраст кои се материјално необезбедени и користат право на Социјална сигурност за стари лица е **382** носители на право.
Стари и изнемоштени лица сместени во старски дом се **14** лица.
Корисниците на Социјална сигурност за стари лица или социјална пензија, ја остваруваат граѓаните кои се материјално необезбедени, износот за брачни и вонбрачни заедници и за лица со статус на самец е 6.000,00 деанари кој се усоглаува еднаш годишно со трошоците за животен стандард.

Од аспект на заболувањата, најчесто регистрирани заболувања кај лица +65 години и повеќе, во амбулантно- поликлиничката дејност (примарна здравствена заштита) се болестите на циркулаторниот систем, со најголем број регистрирани хипертензии. Потоа, следат болестите на респираторниот систем, со најчесто регистрирани акутни горнореспираторни инфекции. А потоа се регистрирани ендокрините заболувања каде што доминира дијабетес мелитус (табела 21).

[5] Податокот за вкупниот број на пензионери во Општина Битола е добиен од страна на Здружението за пензионери Битола, и ги опфаќа пензионерите членови во Здружението, заедно со Новаци и Могила.

**Табела 21. Најчести заболувања регистрирани во Примарна Здравствена Заштита (амбулантно- поликлинички морбидитет) кај стари лица над 64 години, во 2024 година, Општина Битола[6]**

| Дијагнози по МКВ 10 | Вкупно | | | 65-74 години | | 75 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м+ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **ВКУПНО** | 46782 | 18667 | 28115 | 12395 | 17438 | 6272 | 10677 |
| **Е00- Е99 Ендокрини заболувања** | 7697 | 2949 | 4748 | 2130 | 3102 | 819 | 1646 |
| Е10-Е14 Дијабетес мелитус | 4495 | 1911 | 2584 | 1371 | 1571 | 540 | 1013 |
| **F00-F99 Душевни растројства** | 4845 | 1650 | 3195 | 924 | 1741 | 726 | 1454 |
| F40-F48 Невротски растројства, со стрес поврзани растројства | 3126 | 1088 | 2038 | 667 | 1266 | 421 | 772 |
| **I00-I99 Болести на циркулаторниот систем** | 18967 | 8176 | 10791 | 5278 | 6376 | 2898 | 4415 |
| I10 Есенцијална (примарна) хипертензија | 14955 | 6189 | 8766 | 4079 | 5303 | 2110 | 3400 |
| **J00-J99 Болести на респираторниот систем** | 8409 | 3570 | 4839 | 2454 | 3303 | 1116 | 1536 |
| J00-J06 Акутни горнореспираторни инфекции | 5132 | 2067 | 3065 | 1416 | 2145 | 651 | 920 |
| **M00-M99 Болести на мускулно скелетниот систем** | 6864 | 2322 | 4542 | 1609 | 2916 | 713 | 1626 |
| Ревматоиден артрит, артроза и др. Заболувања на зглобовите и други дорзопатии | 4097 | 1492 | 2605 | 1021 | 1668 | 471 | 937 |

Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола

[6] Амбулантно- поликлинички морбидитет- означува само регистрирани заболувања кај лекар, што незначи и број на заболени. Едно лице може за истата дијагноза повеќе пати да го посети лекарот, во ординација, во текот на една година.
Кога се зборува за регистрирани заболувања не се мисли на број на заболени лица. Имено, едно лице, во текот на тековната година, може повеќе пати да побара лекарска помош за одредено заболување. Бројот на заболени лица од одредено заболување, се регистрира во посебни регистри во кои постојат лични податоци за секое заболено лице.

Најчесто регистрирани заболувања во Клиничка Болница Битола (секундарна здравствена заштита), кај болнички лекувани лица на 65 години и повеќе, се неоплазмите. Од нив најчесто се неоплазми на дојка и на простата. Потоа следат болестите на циркулаторниот систем. Доминираат есенцијалната хипертензија, срцевата слабост, ангина пекторис, церебрален инфаркт. Потоа следат болестите на респираторниот систем од кои најчесто се регистрирани бронхопнеумонија и хронична опструктивна белодробна болест (табела 22).

**Табела 22. Најчести заболувања регистрирани кај болнички лекувани стари лица (65 години и повеќе), во Клиничка Болница Битола, 2024 година**

| | **65 години и повеќе** | | |
|---|---|---|---|
| **ГРУПИ НА ЗАБОЛУВАЊА И СОСТОЈБИ (МКБ 10)** | **м+ж** | **м** | **ж** |
| Неоплазми (C00-D48) | 1878 | 690 | 1188 |
| Болести на циркулаторниот систем (I00-I99) | 843 | 462 | 381 |
| Болести на респираторниот систем (J00-J99) | 555 | 302 | 253 |
| Болести на дигестивниот систем (K00-K93) | 333 | 191 | 142 |
| Болести на генитоурнарниот систем (N00-N99) | 389 | 169 | 220 |
| Вкупно | 3998 | 1814 | 2184 |

Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола

Табелата 22 покажува дека најчести заболувања регистрирани кај стари лица (65 години и повеќе) се неоплазмите.

Согласно податоците од здруженијата на граѓани кои работат со ромската заедница, вкупниот број на стари лица на кои им посредувале за социјална и здравствена заштита за 2024 година, изнесува 20 до 30 лица.

### 3. Попреченост

Согласно податоците добиени од ЈУ МЦСР- Битола надоместок заради попреченост се обезбедува за поттикнување социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е: со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице. Надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст.

Вкупниот број на корисници на надоместок заради попреченост изнесува 475.

Деца категоризирани корисници на Посебен додаток со пресек 31.12.2024 год., се вкупно **357** корисници.
Според типот на попреченост децата категоризирани се како:

- Деца со пречки во интелектуалниот развој (лесни, умерени, тешки и длабоки пречки),
- Оштетен слух (наглуви и глуви),
- Оштетен вид (слабовидни и слепи деца),
- Пречки во вербална комуникација,
- Деца со телесен инвалидитет,
- Деца со аутизам,
- Деца со Даунов синдром,
- Хронично болни деца,
- Деца со комбинирани пречки во развој,

Во Дневниот центар за лица со ментална или телесна пореченост кој е во рамките на ЈУ МЦСР – Битола услугата ја користат **13** корисници, од кои: 2 се малолетни деца и 11 се полнолетни корисници со пречки во развој, од кои 8 корисници се лица од машки пол и 5 корисници од женски пол;

Истите се категоризирани според:

- Телесен инвалидитет: 2 полнолетни лица.
- Лица со пречки во интелектуалниот развој: 1 малолетно дете и 3 полнолетни лица.
- Аутизам: 1 малолетно дете.
- Лица со комбинирани пречки во развој: 6 полнолетни лица.

Работното време во Дневниот центар за лица со ментална или телесна пореченост е флексибилно во зависност од потребите на родителите од 6.30 наутро до 16.15 минути попладне во работни денови (понеделник – петок).

Табела 23 дава преглед на податоците за невработени лица- лица со попреченост според школска подготовка, добиени од Агенција за вработување, со состојба 31.12.2024 година.

**Tabela 23. Невработени лица со попреченост според школска подготовка**

| Центар за вработување | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 114 | 32 | 72 | 22 | 15 | 2 | 23 | 8 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија

Табела 24 дава преглед на податоците за невработени лица- лица со попреченост според возраст, добиени од Агенција за вработување, со состојба 31.12.2024 година.

**Tabela 24. Невработени лица со попреченост според возраст**

| **Центар за вработување** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год** | | **Од 20 до 24 год** | | **Од 25 до 29 год** | | **Од 30 до 34 год** | | **Од 35 до 39 год** | | **Од 40 до 44 год** | | **Од 45 до 49 год** | | **Од 50 до 54 год** | | **Од 55 до 59 год** | | **Од 60 год и повеќе** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 114 | 32 | 1 | 0 | 7 | 2 | 7 | 2 | 5 | 0 | 12 | 3 | 21 | 8 | 13 | 4 | 12 | 4 | 15 | 2 | 21 | 7 |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија

Вкупно невработени лица со попреченост се 114 на ниво на Општина Битола, од кои 1 е на возраст од 15 до 19 години, додека 7 се на возраст од 20 до 24 години, од кои 2 се жени а 5 се од машки пол. На возраст од 25 до 29 години, невработени лица со попреченост се вкупно 7, од кои 2 се жени и 7 се од машки пол. Вкупно невработени лица со попреченост на возраст од 30 до 34 години се 5 (сите од машки пол), додека на возраст од 35- 39 години, вкупно невработени лица со попреченост се 12 од кои 3 се жени. Невработени лица со попреченост на возраст од 40 до 44 години се вкупно 21, од кои 8 се од женски пол, додека невработени лица со попреченост на возраст од 45 до 49 години, се вкупно 13, од кои 4 се од женски пол. Невработени лица со попреченост од 50 до 54 години се вкупно 12, од кои 4 се жени, додека невработени лица со попреченост на возраст од 55 до 59 години се 15, од кои 2 се жени, а на возраст над 60 години и повеќе вкупно се 21, од кои 7 се жени. Анализата покажува дека најголем дел од невработените лица со попреченост се на возраст од 40 до 44 години.

Табела 25 дава преглед на невработени лица со попреченост според вид на инвалидност.

**Табела 25. Невработени лица со попреченост според вид на попреченост**

| Општина | Вид на инвалидност | Се | Жени |
|---|---|---|---|
| **Битола** | ВВИ- воени инвлаиди | 32 | 0 |
| | ВВИ- воени мирновр. | 0 | 0 |
| | ИТ-инвал. Труд | 9 | 2 |
| | ПП- пречки во видот | 6 | 0 |
| | ПВ- пречки во слухот | 9 | 3 |
| | ПГТ- пречки во говор | 2 | 2 |
| | ТИЛ- телесна попреченост | 28 | 11 |
| | ППР- пречки во псих. Развој | 45 | 13 |
| | КИ- комбинирани пречки | 13 | 2 |
| | ОКИ- останати категории | 2 | 4 |
| | ОНИ- останати некатегории | 0 | 0 |
| | Пречки во слух и говор | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | **114** | **32** |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија

Според податоците од Општина Битола, во 2 градинки „Естреја Овадија Мара“ и „Мајски Цвет“, има вкупно 1590 деца, од кои во Естреја Овадија Мара има 832 деца од кои 438 се машки и 394 се женски деца, додека во Мајски Цвет има 758 деца, од кои 378 се машки и 381 се женски деца.

Табела 26 дава преглед на учениците во основните училишта во Општина Битола.

**Табела 26. Ученици во основните училишта во Битола**

| ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | Ученици |
|---|---|
| „ЕЛПИДА КАРАМАНДИ“ | 682 |
| „ЃОРГИ СУГАРЕВ“ | 630 |
| „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ | 522 |
| „ТОДОР АНГЕЛЕВСКИ“ | 884 |
| „ДАМЕ ГРУЕВ“ | 694 |
| „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИ“ | 403 |
| „КОЛЕ КАНИНСКИ„ | 703 |

| | |
|---|---|
| „СТИВ НАУМОВ“ | 855 |
| „Д-р ТРИФУН ПАНОВСКИ“ | 287 |
| „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ | 1051 |
| „К.П.МИСИРКОВ“ | 340 |
| АЛЕКСАНДАР ТУРУНЏЕВ | 160 |
| ВКУПНО УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 7211 |

Извор: Општина Битола

Од табелата 26 може да се види дека вкупниот број на ученици во основните училишта во Општина Битола изнесува 7211.

Табелата 27 дава преглед на ученици во средните училишта во Општина Битола.

**Табела 27. Ученици во основните училишта во Битола**

| Средно училиште | Ученици |
|---|---|
| „Д-р ЈОВАН КАЛАУЗИ„ | 766 |
| „ЈОСИП БРОЗ ТИТО„ | 672 |
| „ТАКИ ДАСКАЛО„ | 773 |
| „КУЗМАН ШАПКАРЕВ„ | 45 |
| „ЈАНЕ САНДАНСКИ„ | 614 |
| „ЃОРЃИ НАУМОВ„ | 753 |
| МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ | |
| ВКУПНО УЧЕНИЦИ СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 3623 |

Извор: Општина Битола

Табелата покажува дека вкупниот број на ученици во средните училишта во Битола изнесува 3623 средношколци.

**4. Насилство**

Во ЈУ МЦСР-Битола се пријавува: психичко, физичко, економско и сексуално насилство. Вкупно еведентирани жртви на семејно насилство (малолетни, полнолети и стари лица) во 2024 година се **72** лица, од кои евидентирани деца жртви на семејно насилство во 2024 година, се **26** деца, додека евидентирани стари лица жртви на семејно насилство во 2024 година се **4**.

Според податоците од СВР Битола, во 2024 година најчесто пријавувани насилства се по кривични дела за насилство, семејно насилство и насилство врз дете.
Во 2024 година има поднесено кривични пријави за:

1. Семејно насилство кое било извршено над 60 лица.
2. Насилство врз дете кое било извршено врз 21 дете.
3. Насилство врз стари лица кое било извршено врз 9 лица.
4. Вкупниот број на алкохолизирани лица за кои е пријавен настан изнесува 67.
5. Вкупниот број на деца кои биле повикани во полициска станица како сведоци изнесува 91.
6. Вкупниот број на деца кои биле повикани во полициска станица како оштетени изнесува 59.
7. Вкупниот број на деца против кои е поднесена кривична пријава изнесува 31.
8. Вкупниот број на деца кои имале судир со законот изнесува 33.

**5. Дрога и алкохол**

Во 2024 год., во ЈУ МЦСР-Битола регистрирани малолетни корисници на наркотични дроги се: **2-** деца и **1** полнолетно лице сместено во Тераписка заедница “ Покров” – Струмица.
Во ЈУ МЦСР-Битола во 2024 год., не се регистрирани лица кои злоупотребуваат алкохол.
Според податоците од ЈЗУ Трифун Пановски Битола, од Центарот за зависници од дрога, заклучно со 31.012.2024 година има регистрирано 180 зависници кои се лекуваат.

**6. Деца без родителска грижа**

Вкупен број на деца без родители и родителска грижа, состојба со 31.12.2024 год., е 75- деца за кои е надлежен ЦСР-Битола. Во згрижувачки семејства со пресек 31.12.2024 год., беа згрижени **40** –деца. Во станбени единици за организирано живеење беа згрижени **9** -деца, во установа **2** - деца, **21-** дете сместени кај блиски ставени под старателство и **3-** деца сместени во Поправен дом -Тетово.

Во Општина Битола има само една установа за деца без родители и родителска грижа – ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола.

**7. Деца на улица**

Согласно податоците на ЈУ МЦСР-Битола во 2024 год., се регистрирани **6** деца на улица. Децата кои се евидентирани како деца на улица се злоуботребени од страна на родителите кои питачат заедно со нив. За овој ризик се превземаат соодветни мерки на помош и заштита во согласност со законската регулатива пропишана во: Закон за социјална заштита, Закон за правда на децата, Закон за семејство и Закон за детска заштита. Во однос на семеен статус на децата на улица потекнуваат од: еднородителски семејства, деца на разведени родители, деца од семејства со нарушени семејни односи и од многудетни семејства.

На ниво на Општина Битола постојат здруженија на граѓани кои обезбедуваат социјални услуги. Истите нудат услуги за лица од ранливи категории што им овозможуваат услови за нивна инклузија во општеството. Здруженијата нудат и обезбедуваат услуги за:

1. Образование и поддршка на деца и млади од ромската заедница, како и поддршка на млади во социјален ризик, превенција од насилство и семејно насилство;
2. Дневен центар за деца со посебни потреби;

## 3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

За да може одредена состојба да се смета за социјален проблем во една општина, потребно е:

- √ Признаена и означена како постојана од страна на поголемиот дел од населението;
- √ Некомпатибилна со општествените вредности;
- √ Масовно изразена и зачестена, односно погодува поголем број на луѓе;
- √ Јавен, а не индивидуален проблем;
- √ Актуелизирана до степен да се бара општествена реакција и акција за нејзино надминување.

Секоја од наведените состојби која постои во општината и за која ќе се утврди дека ги има горенаведените карактеристики треба да се третира како социјален проблем, и следствено на тоа треба да се почне да се размислува за изнаоѓање на локални решенија за надминување на таа состојба, како и дизајнирање на соодветни социјални услуги. Притоа, треба да се води сметка за клучните карактеристики на социјалните проблеми како што се историската условеност, општествената и локална специфичност и долгорочнот. Но, она што ги прави овие општествени појави тешко надминливи е:

- √ Репродукција, тенденција социјалните проблеми да се пренесуваат меѓугенерациски;

- √ Мултипликација, тенденција социјалните проблеми да се надоврзуваат еден на друг и да резултираат со состојба за која се карактеристични повеќе проблеми одеднаш;
- √ Диспропорционалност, социјалните проблеми диспропорционално и нерамномерно ги погодуваат граѓаните, односно, оставаат различни последици по различни групи на граѓани.

Социјалните проблеми се локално специфични затоа што се јавуваат во локален социо- економски контекст и во локално демографски, културни и еколошки услови. Превенцијата и надминувањето на социјалните проблеми како комплексни појави може да се реализира преку преземање мерки за социјална превенција и развој на социјални услуги. Мерките на социјална превенција се реализираат за заштита од социјални ризици, спречување на појавата на социјални проблеми и ублажување на последиците од настанатите социјални проблеми на граѓаните.[7]

За разлика од бенефициите кои се поврзани со одржување на приходите и се фокусирани на подобрување на финансиската ситуација на граѓаните (на пример: социјална парична помош, пензии, здравствена заштита), социјалните услуги се ориентирани кон помош во задоволување на нефинансиските потреби на поединецот и непреченото остварување на развојни и социјализаторски задачи. Тие понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги, хумани социјални услуги или услуги за социјална нега од причина што задоволувањето на финансиските потреби на ранливите групи граѓани е клучно за нивната сигурност, но сепак, не значи неопходно обезбедување на задоволувачко ниво на социјално функционирање. И додека облиците на финансиска помош историски се делегирани на јавната социјално-заштитна мрежа, социјалните услуги ги обезбедуваат и јавни и приватни (профитни и непрофитни) организации. Социјални услуги во системот на социјалната заштита се: информирање и упатување, стручна помош и поддршка, советување, услуги во домот, услуги во заедницата, услуги на вонсемејна заштита.

Социјалните услуги се обезбедуваат преку даватели на услуги за различни групи на корисници и може да се поделат во институции за социјална заштита (центри за социјална заштита, домови за социјална заштита, центри за услуги во заедницата, центри за помош во дом), други правни лица (здруженија и верски заедници), физички лица кои самостојно вршат професионални активности (претежно во семејниот дом) и згрижувачки семејства.

Општина Битола, заедно со сите засегнати страни вклучени по полето на социјална заштита на континуирана основа работи на обезбедување услови за превенција и решавање на социјалните проблеми како и развој на квалитетни социјални услуги кои ќе спречат создавање на нови социјални ризици. Општина Битола преку Социјалниот план (2025-2029) има за цел да им помогне на граѓаните да ги

---

[7] Проф. д-р Сузана Борнарова, Проф. д-р Наташа Богоевска, Прирачник за развој на социјални услуги на регионално ниво, Проект: Создавање можности за работа за сите- основна фаза, УНДП, Скопје, 2021, стр.8

надминат социјалните ризици на кои се изложени, како и да ја зајакне мрежата на услуги заедно со физичките, правните лица и здруженијата на граѓани во насока обезбедување на квалитетни и достапни социјални услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат во Битола. Акцентот Општина Битола го става на помагање на социјално исклучените граѓани.
Резултатите од социјалното мапирање покажаа дека е потребно дополнување на социјалната но, и здравствената заштита на старите лица и лицата со попреченост, особено за сиромашните лица, обезбедувајќи поддршка од Програмите за заштита од сиромаштија и социјална заштита. Исто така, се наметнува потреба од еднаков пристап до јавните социјални услуги. Имајќи го во предвид фактот дека јавните установи и граѓанските организации имаат лимитирани финансиски средства и ресурси и тоа се одразува на квалитетот и достапноста на услугите се наметнува потребата од заедничко координирање и делување во насока на подобрување на благосостојбата на граѓаните на Општина Битола.

## 3.1. Постојни социјални услуги на локално ниво

Општина Битола на континуирана основа фокусот го става на благосостојбата на своите граѓани преку развој на мерки, активности, проекти и социјални услуги кои се однесуваат на социјална заштита на граѓаните. Исто така, работи и на идентификување и следливост на потребите на лицата кои се во социјален ризик или се социјално загрозени.
Социјални услуги кои се обезбедуваат согласно Законот за социјална заштита во Општина Битола се (табела 28):

1. Услуги на информирање и упатување;
2. Услуги на стручна помош и поддршка;
3. Услуги на советување;
4. Услуги во домот;
5. Услуги во заедницата;
6. Услуги за вон-семејна заштита.

**Табела 28. Листа на социјални услуги по вид и корисници**

| ВИД НА УСЛУГА | | | КАТЕГОРИЈА КОРИСНИЦИ | ОБЕЗБЕДУВА УСЛУГА |
|---|---|---|---|---|
| Услуги на информирање | | | Сите | ЈУ МЦСР Битола<br>АВРСМ Центар Битола |
| Услуги на стручна помош и поддршка | | | Сите | ЈУ МЦСР Битола<br>ОУРЦ Кочо Рацин Битола<br>АВРСМ Центар Битола<br>Здруженија на граѓани |
| Услуги на советување | | | Сите | ЈУ МЦСР Битола<br>АВРСМ Центар Битола<br>Здруженија на граѓани |
| Услуги во домот | Услуга на помош и нега во домот | | Лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица | Црвен Крст Битола |
| | Услуга на лична асистенција | | Деца од 6 год. и лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица | |
| Услуги во заедницата | Дневни услуги | Услуга на дневен престој | Деца во ризик, лица со попреченост, маргинализирани, стари лица | ЈУ МЦСР- Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост<br>Здруженија на граѓани<br>Црвен Крст |
| | | Услуга на рехабилитација и реинтеграција | Деца во ризик, лица со попреченост, маргинализирани лица | |
| | | Услуга на ресоцијализација | Деца во ризик и деца во судир со законот, возрасни лица по издржување казна затвор | |
| | Привремени услуги | Услуга за привремен престој | Дете кое ќе се затекне без родителска грижа или како скита, дете жртва на злоупотреба, жртва на семејно или родово засновано насилство, жртва на трговија со луѓе, бездомници | |
| | | Услуга на одмена на семејна грижа | Член на семејство кој се грижи за старо лице, лице со попреченост и друго болно и изнемоштено лице | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Куќа на пола пат | Лице со статус на дете без родители и родителска грижа, дете по напуштање на воспитна установа за ресоцијализација, возрасни лица по издржување казна затвор, лица со попреченост, зависници од алкохол и droги по спроведен третман на лекување | |
| Услуги на вон-семејна заштита | Живеење со поддршка | | | |
| | Згрижување во семејство | Општо | Дете без родители и родителска грижа, старо лице, лице со попреченост | ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола<br>Центар за поддршка на згрижувачки семејства (ЦПЗС)<br><br>Старски домови |
| | | Специјализирано | Дете во ризик и дете во судир со законот, дете жртва на семејно насилство, дете или лице со попреченост | |
| | | Повремено | Дете или возрасно лице згрижено во друго згрижувачко семејство, дете или возрасно лице со попреченост заради одмена на лицето кое се грижи за него (родител/старател) | |
| | | Интервентно | Дете без родители и родителска грижа, дете од конфликтно семејство, жртва на насилство, жртва на трговија со луѓе | |
| | | Роднинско | Дете без родители и родителска грижа (во семејство на баба/дедо, брат/сестра, вујко, чичко или тетка) | |
| | Сместување во установа | | Дете без родители и родителска грижа, старо лице, лице со попреченост, барател на азил, маргинализирано лице, дете во судир со закон 14-18 години | |

**УСЛУГИ НА ИНФОРМИРАЊЕ И УПАТУВАЊЕ**

Овие услуги опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите. Според член 71 од Законот за социјална заштита овие услуги ги обезбедува Јавна Установа Меѓуопштински Центар за Социјална Работа- Битола.

**УСЛУГИ НА СТРУЧНА ПОМОШ И ПОДДРШКА**

Услугите на стручна помош и поддршка опфаќаат помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку проценка, планирање, интервенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите, со цел зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми.

Согласно член 72 од Законот за социјална заштита овие услуги ги обезбедува Јавна Установа Меѓуопштински Центар за Социјална Работа- Битола. Исто така, овие усуги се обезбедуваат и преку ОУРЦ Кочо Рацин- Битола, основно училиште со ресурсен центар во чии рамки функционираат: предучилишен оддел, оддел за основно образование, оддел за индивидуални третмани и оддел за социјална заштита. Регионален ресурсен центар за слепи и слабовидни лица- Битола, со поддршка од локалната самоуправа е во функција на сите слепи и слабовидни лица со целосно или делумно оштетен вид од регионот. За непречена работа на центарот, општините ќе издвојуваат средства од буџетот но, обезбедена е поддршка од УНДП, Министерство за труд и социјална политика.

Регионалниот ресурсен центар располага со аудио книги, компјутерска опрема, специјално возило за превоз на слепи и слабовидни лица но, и на лица со телесен инвалидитет со цел да се обезбеди поголема инклузивност во заедницата.

Во рамките на ООУ Ѓорги Сугарев посебната паралелка прерасна во Центар за поддршка на учењето на децата со попреченост во Општина Битола. Имено, овој центар на децата со попреченост ќе им обезбеди иклузија на учениците кои што имаат одредени потешкотии. Тие можат да ги користат на Центарот со цел да добијат поддршка за учење, личен развој и индивидуална надградба. Во училиштетот се опремени 7 кабинети, односно логопедски кабинет, кабинет за психомоторна редукција, сензорна соба, кабинет за асистивна технологија, кабинет за музико и арт терапија, монтесори кабинет и кабинет за ученици со аутистичен спектар во однесувањето. Во училиштето се задолжени 12 дефектолози, специјални едукатори и рехабилитатори кои преку примена на современи методи и техники за едукација и рехабилитација ќе работат со децата со попреченост, со цел да се постигне максимален потенцијал за нивно активно учество во општеството.

Во рамките на приватниот старски дом „Софија“ функционира Регионален советодавен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство. Овој центар им овозможува услуги на жртвите на насилство.

**УСЛУГИ НА СОВЕТУВАЊЕ**

Услугите на советување опфаќаат советодавна работа, односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство, и тоа за:

- √ подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување на партнери со нарушени односи,
- √ советување при развод на брак,
- √ семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи,
- √ психо- социјална поддршка за жртви на семејно насилство,
- √ психо- социјален третман на сторители на семејно насилство и
- √ други специјализирани видови на советувања.

Според член 73 од Законот за социјална заштита овие услуги ги обезбедува Јавна Установа Меѓуопштински Центар за Социјална Работа-Битола. Исто така, во Битола функционира здружение за еднородителски семејства и ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби. Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби обезбедува психолошка поддршка во Битола и во други градови низ Р. С. Македонија. Овој центар за родители на деца со посебни потреби е инициран, формиран и воден од родители на деца со посебни потреби и нуди основни совети и обуки околу секојдневното функционирање на детето и семејството. Ресурсниот центар на родители ќе им служи на родителите и семејствата на децата со сите видови на пречки: учење, физички, емоционални, интелектуални оштетувања. Ресурсниот центар обезбедува информации, обука и други форми на поддршка за семејствата на децата и младите со пречки во развојот. Здружението за еднородителски семејства обезбедува советодавна и информативна поддршка на лица за време на развод после развод, како и правна поддршка за разводи.

АВРСМ Центар за вработување Битола овозможува услуги на ранливите категории, меѓу кои се: корисници на гарантирана минимална помош (ГМП), Роми, жени жртви на семејно и родово базирано насилство, лица со попреченост, долгорочно невработени лица, невработени лица над 55 години. Услуги кои ги нуди се: информации за активни мерки за вработување, изработка на индивидуален план за вработување, мотивациски работилници, професионална ориентација, кариерно советување и изработка на акциски план, работилници за подготовка за вработување (вештини за вработување, комуникациски вештини, тимска работа, лидерство, однесување на работно место, безбедност и права на работно место, финансиски вештини), можност за самовработување преку користење на грант. Сите овие услуги, како и активните мерки се дел од Оперативниот план за вработување 2025 на АВРСМ.

**УСЛУГИ ВО ДОМОТ**

Услуги во домот се услуги за обезбедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштите, а се обезбедуваат како помош и нега во домот и лична асистенција. Со **услугата помош и нега во домот**, се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за самопомош, односно, да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата. Корисници на услугата се: лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица и други лица на кои им е потребна помош и нега во домот. Во Општина Битола е потребна услуга за нега на стари лица во домашни услови. Во процес е формирање на Ресурсен центар за нега во домот на стари, изнемоштени и осамени лица.

Оваа година Општина Битола потпиша договор со Црвен Крст за воведување на иновативната услуга Итно копче. Станува збор за услуга која е достапна 24/7, а лицата ќе можат да побараат помош преку притискање на едно копче. Корисникот на аларм- уредот има обрска да го притисна копчето на уредот и да почекаат повик од страна на операторот од контакт центарот на Итно копче. По воспоставување на контакт со корисникот, корисникот ги споделува информациите за тегобите со кои се соочува, а обученото лице/оператор му дава понатамошни насоки, а по потреба се испраќа тим за прва помош во нивниот дом. Услугата Итно копче на корисниците им нуди:

- √ 24/7 поддршка секогаш кога ќе се најде во состојба за која е потребна итност;
- √ Обучени и пријателски лица кои се грижат за добросостојбата на старите лица;
- √ Прва помош и прва психолошка помош;
- √ Бесплатно одржување на уредот во случај на технички дефект;
- √ Дневна техничка поддршка на аларм- уредите;
- √ Транспорт до соодветната здравствена установа со посебни возила;

Исто така, оваа услуга ја обезбедува и Ресурсен центар Подружница Битола. Имено, тие се лиценцирани даватели на услуги за нега и помош во домот. Работат со лица со попреченост, лица над 65 години, слепи лица и лица со највисок степен на попреченост и комбинирани пречки, како и лица со намален функционален капацитет (Алцхајмерова болст, Паркинсонова болест, Мултиплекс склероза). Според податоците од Ресурсниот центар, заклучно со 30.04.2025 година, вкупниот број на корисници според возрасна структура изнесува 34, од кои од 18-30 години нема корисници, од 31-50 години се 5 корисници, од 51-70 години се 7 корисници и над 70 години се вкупно 24 корисници. Според етничката припадност 33 корисници се од македонска националност и 1 од турска националност.

Според местото на живеење 31 се лица кои живеат во градот и 3 лица кои живеат во село. Корисниците според видот на попреченост се прикажани во табелата 29 што следи.

**Табела 29. Корисници на социјална услуга помош и нега во домот во Ресурсен центар**

| Вид на попреченост | Корисници |
|---|---|
| Средна и тешка ментална попреченост | / |
| Мултиплекс склероза | 3 |
| Алцхајмер | / |
| Церебрална парализа | / |
| Сензорна попреченост | 4 |
| Попреченост врз основа на возраст | 17 |
| Комбинирани пречки | 9 |
| Друго Паркинсонова болест | 1 |
| **ВКУПНО** | 34 |

Извор: Ресурсен центар, состојба заклучно со 30.04.2025 година

**Услугата лична асистенција** опфаќа индивидуална помош и поддршка за лица од 18 до 65 годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка. Личната асистенција вклучува: помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во зедницата и други активности од интерес на лицето, до 80 часа месечно. Корисници на услугата се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица.

Црвен Крст нуди услуги за стари лица. За оваа услуга во 2024 година нема евидентирано корисници.

Црвен Крст Битола е лиценциран од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади како провајдер за испорака на услуги за лична асистенција на лица со попреченост. Услугите на локално ниво се реализираат во соработка и со поддршка на центрите за социјална работа. Личната асистенција на лицата со попреченост е услуга од социјална заштита, преку која се обезбедува поддшка на лицата со потешка и најтешка попреченост и лицата со целосно оштетен вид со навршени 6 години во нивното осамостојување, согласно нивните индивидуални потреби. Услугата за лична асистенција има за цел да придонесе за независно и самостојно живеење на лицата

со попреченост,  нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина. Личната асистенција како услуга е прилагодена на личните и поединечните потреби на корисникот, кој одлучува кои активности ќе ги делегира и на кого, така што ќе му овозможи да живее во помалку ограничена околина, односно му овозможува слобода на избор и независно раководење на личниот живот со цел да ја компензираат својата пореченост, делегирајќи ги своите задачи на други лица. Услугата за лична асистенција на лица со попреченост се испорачува од страна на сертифицирани лични асистенти, стекнати преку верификувана посебна програма за обука за личен асистент на лица со пореченост. Корисници на услугата се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и лица со целосно оштетен вид со навршени 6 години.
Според податоците добиени од страна на Црвен Крст Битола, во 2024 година, улугата лична асистенција на лица со попреченост ја искористиле вкупно 30 лица, од кои 19 лица со телесна попреченост се лица од машки пол и 11 лица со телесна попреченост се од женски пол. 7 од лицата со телесна попреченост се под 18 години, 17 се на возраст од 18-60 години и 6 се на возраст над 60 години. Вкупниот број на лица со потешка телесна попреченост се 2 од машки пол, и се на возраст под 18 години, додека 28 се лица со најтешка телесна попреченост (17 машки и 11 женски) и 5 се на возраст под 18 години, 17 се на возраст од 18 до 60 години и 6 се на возраст над 60 години. Исто така, услугата лична асистенција ја искористиле 12 слепи лица, од кои 5 се од машки пол и 7 од женски пол. Лицата се 10 на возраст од 18 до 60 години и 2 лица се на возраст над 60 години.

## УСЛУГИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Услуги во заедницата опфаќаат услуги на дневен, привремен престој, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција, на корисници, одмена на семејна грижа и куќа на пола пат, заради превенција, згрижување и заштита, а со цел овозможување на корисникот да продолжи да живее во сопствениот дом, односно заедницата и превенција на потребата од вонсемејна заштита.
**Услугата за дневен престој** опфаќа дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности. Корисници на услугата се: деца во ризик, лица со попреченост, маргинализирани лица, стари лица и други лица со специфични социјални проблеми.
Во Општина Битола, во рамките на ЈУ МЦСР функционира Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост. Оваа услуга ја користат вкупно 13 корисници, од кои 2 се малолетни корисници и 11 полнолетни корисници на услугата. Од корисниците 8 се од машки пол, дека 5 се од женски пол. Со телесен инвалидитет се 2 полнолетни лица, додека со пречки во интелектуалниот развој 1 е малолетно дете и 3 се полнолетни, 1 малолетно лице е со аутизам и 6 се полнолетни лица со комбинирани пречки во развојот. Во Битола постојат два пензионерски клубови и тоа: Здружение на пензионери и Здружение на инвалидски пензионери и инвалиди на трудот БИП Битола.

Вкупниот број на пензионери во ЗП, вклучувајќи ги и Могила и Новаци е 20 006 пензионери. Исто така, во Битола функционира и центар за ран детски развој за деца од ромска националност, кој реализира активности за образовна поддршка на деца од ромската популација во основно и средно образование.

**Услугата за рехабилитација и реинтеграција на лица кои се соочуваат со социјални и/или здравствени проблеми** се обезбедува преку психо-социјална поддршка, терапевтска работа, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење. Корисници на услугата се: деца во ризик, лица со попреченост и маргинализирани лица со специфични социјални и здравствени проблеми.

**Услугата за ресоцијализација** се обезбедува преку советодавна работа, индивидуална, семејна и групна терапија, образовна поддршка, придружба, едукации за развој на вештини, спорт, рекреација, творештво, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување и други услуги на ресоцијализација, во зависност од потребите на корисниците. Услугата за деца во ризик и деца во судир со законот се обезбедува во центар за деца, согласно со Законот за правда за децата. Услугата за ресоцијализација, за возрасни лица по издржување на казна затвор и други лица со специфични социјални проблеми во потреба од ресоцијализација се обезбедува во центар за ресоцијализација.

Овие услуги најчесто се нудат од страна на здруженија на граѓани кои делуваат во Општина Битола. Во рамките на Битола постои здружение кое организира спортски активности за деца со посебни потреби и попречености, центар за едукација на родители на деца со попречености, како и здружение за еднородителски семејства. Исто така, здружението за унапредување на правата на Ромите „Сумнал“ реализира различни активности кои овозможуваат едукативна поддршка на деца од 3 до 18 години, советување за продолжување на образованието, обуки за личен и професионален развој на млади, поддршка на млади Роми во социјален ризик, превенцијаа и заштита од насилство и семејно насилство. Здружението Мобилност Битола работи со лица со телесна попреченост и реализираат бројни спортски и едукативни активности за лицата со телесна попреченост. Исто така, работат на поставување на рампи за непречено функционирање на овие лица, како и мапирање на сите места каде би требало да се постават рампи за пристапност на лицата со попреченост.

Здружението на психолози за стручна и морална поддршка Рилука Битола обезбедува психолошка поддршка на родители на деца со посебни потреби, индивидуални сесии на деца со типичен и атипичен развој од најмала возраст до возрасни, социјални часови за деца и работилници за возрасни за личен развој. Здружението располага со 4 психолози и 1 дефектолог. Ова здружение овозможува поддршка на родителите на децата со посебни потреби преку организација на едукација и работилници. Социјалните часови се организираат 3 пати во седмицата и траат по 1 час, работат на фина моторика, социјализација на децата со типичен и атипичен развој.

Здруженијата на граѓани кои работат со лица со телесен инвалидитет, глуви и слепи лица за сопствени потреби ги користат просториите на ЈУ ЦСР Битола, додека Црвен Крст Битола, здружение за лица со интелектуална попреченост и здружение за ромски деца и прашања

користат простории од општина Битола, урбани заедници како и здружение кое работи на спортско рекреативна рехабилитација на деца со посебни потреби користи простории на основно училиште.

**Услугата за привремен престој** обезбедува заштита и стручна помош на лица кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција. Корисници на услугата се: дете кое ќе се затекне без родителска грижа или како скита, дете жртва на злоупотреба, жртва на семејно насилство и родово базирано насилство, жртви на трговија со луѓе, бездомници. Услугата се обезбедува во времетраење до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината до една година.

Во одговорност на ЈУ МЦСР Битола функционира Шелтер центар за жртви на семејно насилство. Во рамките на Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор и други пречки во развој Кочо Рацин функционира социјално- заштитен дел кој обезбедува услови за образование и воспитание на учениците надвор од местото на живеење (сместување, храна, нега и превентивна здравствена заштита).

Општина Битола поддржува услуга за сместување на бездомни лица во период на ладен бран.

**Услугата за одмена на семејна грижа** обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмена, одмор и задоволување на лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив, а може да се обезбеди и во домот на корисникот. Корисник на услугата е член на семејството кој се грижи за старо лице, лице со попреченост и друго болно и изнемоштено лице, кое не може самостојно да ги врши основните и инструменталните активности од секојдневниот живот. Услугата за одмена на семејна грижа која се реализира со трошоци надоместени од центарот за социјална работа се обезбедува во времетраење до 15 дена во една календарска година.

**Куќа на пола пат** обезбедува помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење на лица кои претходно биле под вонсемејна заштита, немаат свој дом или услови за живот во својот дом, заради нивна реинтеграција во општеството. Услугата се обезбедува во текот на сместувањето или веднаш по престанокот на сместувањето. Корисници на услугата се: дете без родители и родителска грижа, дете по напуштање на воспитна установа за ресоцијализација, возрасни лица по издржување казна затвор, лица со попреченост, зависници од алкохол и дроги по спроведен третман за лекување и други лица со специфични социјални проблеми кои имаат потреба од подготовка за самостоен живот.

**УСЛУГИ ЗА ВОН-СЕМЕЈНА ЗАШТИТА**

Со услуги на вон-семејна заштита се обезбедува основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон-семејна заштита. Услуги на вон-семејна заштита се живеење со поддршка, згрижување во друго семејство и сместување во установа.

Во Битола има државни и приватни старечки домови.

Државни старски домови се:

1. Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола, кој има сместувачки капацитет од 150 легла (два објекти). Цената изнесува месечно 9.711,00 ден. за лица кои немаат потреба од грижа од друго лице и 11.737,00 ден. за лица кои имаат потреба од грижа од друго лице.
2. Дом за стари лица „Софија“, со сместувачки капацитет од 70 легла, каде се сместени 65 а се слободни уште 5 сместувачки легла. Цените се варијабилни, во зависност од здравствената состојба на лицето и негата која им е потребна (најниска цена 52.700 ден. а највисока 73.800 ден).
3. Старски дом „Св. Спас“ Кравари, со сместувачки капацитет од 43-70 легла. Цените се варијабилни во зависност од здравствената состојба на лицето и негата која им е потребна.

ЈУ МЦСР –Битола има склучено договор за лица кои се корисници на права од социјална заштита или се нашле во положба на социјален ризик и им е неопходно сместување во старечки дом со Дом за стари лица Сју Рајдер Битола.

Во Општина Битола има една установа за деца без родители и родителска грижа, ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола. Вкупно има пет мали групни домови во кои се сместени деца до три годишна возраст без родителска грижа. Во рамките на истиот, од 2021 година функционира Регионален центар за поддршка на згрижувачки семејства- Битола, со цел да обезбеди тријажа, обука и промоција на згрижувачките семејства.

Во надлежност на ЈУ МЦСР се вкупно 75 деца без родители и родителска грижа, состојба со 31.12.2024 год.

Во згрижувачки семејства со пресек 31.12.2024 год., беа згрижени **40** деца. Во станбени единици за организирано живеење беа згрижени **9** деца, во установа **2** деца, **21** дете сместени кај блиски ставени под старателство и **3** деца сместени во Поправен дом -Тетово.

Општина Битола обезбедува финансиски средства за социјален погреб. Оваа услуга ја користат лица кои немаат семејство или се социјално загрозени.

## 3.2. Нови социјални услуги на локално ниво

Социјалните услуги опфаќаат активности наменети за препознавање, спречување и решавање на проблеми и потешкотии на поединците и семејствата со цел да се подобри квалитетот на нивните животи во заедницата. Имајќи го во предвид фактот дека мапирање на социјалните услуги треба да послужи како основа за нови социјални услуги кои ќе придонесат за јакнење на социјалната кохезија во Битола, се наметнува потребата да се работи на системски, мултисекторски и мултидисциплинарен пристап во решавањето на социјалните проблеми на граѓаните. Постигнувањето социјална кохезија со социјално загрозени и социјално исклучени граѓани и население кое стареe, бара холистички пристап кој подразбира креирање на социјални услуги засновани на потребите на граѓаните. Општина Битола во периодот 2025-2029 година, своите напори ќе ги фокусира кон подобрување на постојните социјални услуги и развој на нови социјални услуги, во рамките на можностите на општината. За таа цел, општината ќе одржува активен и конструктивен однос со здруженијата на граѓани, ќе соработува со Министерство за социјална политика, демографија и млади, како и ќе развива соработка со донатори, со цел да се реализираат проекти наменети за социјално ранливите категории на граѓани. Новите услуги ќе бидат предложени во рамките на постојните и ќе овозможат подобрување на условите на социјално ранливите категории на граѓани како и подобрување на социјалната кохезија на локално ниво.

**УСЛУГИ НА ИНФОРМИРАЊЕ И УПАТУВАЊЕ**

Услугата за информирање и упатување и понатаму останува во надлежност на ЈУ МЦСР- Битола, но, како нова услуга на информирање и упатување е:

1. **Изработка на информатор за сите видови на услуги за ранливи категории на граѓани** кој ќе биде поставен на веб страната на Општина Битола. Исто така, на социјалните мрежи редовно ќе се поставуваат информации од областа на социјалната заштита.
2. **Изработка на база на податоци за сите корисници на социјални услуги** како и регистер на институции кои се надлежни за обезбедување на социјални услуги.

Оваа услуга ќе овозможи полесно добивање на податоци за ранливите категории на граѓани со цел во иднина да се дизајнираат социјални услуги засновани на нивните потреби, но исто така, ќе овозможи поголема информираност на граѓаните за мерките, активностите и услугите во областа на социјалната заштита.

**УСЛУГИ НА СТРУЧНА ПОМОШ И ПОДДРШКА**

Покрај стручната помош и поддршка што ја обезбедува ЈУ МЦСР, се планира и поддршка на здруженијата на граѓани кои обезбедуваат помош на лица од ранливи категории. Соработката на општината со здруженијата на граѓани е особено важна бидејќи здруженијата

директно работат со ранливите категории и нивните услуги се дизајнирани врз основа на потребите на ранливите категории. Општината ќе ги поддржи здруженијата во вид на:

1. **Финансиска помош за едукација и превенција** од малигни заболувања, здраво стареење, социјална и дигитална инклузија на млади и возрасни и Роми, лица со попреченост, како и психо-социјална поддршка на жени- жртви на семејно насилство и превенција од девијантни однесувања.
2. Општината ќе продолжи со **доделување на еднократна парична помош на физички лица** изложени на социјален ризик, жртви на семејно насилство, лица со попреченост, семејства погодени од елементарни непогоди, помош за лекување, поддршка на лица со ретки болести, згрижувачки семејства.
3. **Партиципација на детски градинки**, при што ќе се продолжи со помош во згрижувањето на деца од загрозени семејства во детските градинки, како и деца од родители жртви на семејно насилство и деца на лица со попреченост.
4. **Одржливост на регионален ресурсен центар за слепи и слабовидни лица** за обезбедување обуки за изучување на брајово писмо, компјутерски обуки за слепи лица со гласовна команда.

## УСЛУГИ НА СОВЕТУВАЊЕ

1. Општина Битола ќе ги **поддржи здруженијата на граѓани кои нудат советување во делот на свесно родителство и социјално менторство** е услуга која на корисникот му обезбедува стручна помош насочена кон зајакнување на неговите сили и способности за упешно решавање на неповолните животни прилики и подобра интеграција во заедницата во која живее. Корисниците на оваа услуга се наоѓаат во ризик или се во социјално маргинализирана положба. Менторираната личност може да биде млада личност без родителска грижа, долготрајно невработена личност, корисници на гарантирана минимална помош, личност со телесна попреченост или жртва на насилство.
2. **Програма за социо- економско зајакнување на жените- жртви на семејно насилство** (развој на вештини за самовработување, како и личен развој на жените- жртви на семејно насилство).
3. **Зајакнување на капацитетите на Советот за превенција на детско престапништво и Советот за женско претприемништво** за реализација на активности;

## УСЛУГИ ВО ДОМОТ

1. **Зголемување на капацитетите на социјалната услуга за грижа на болни и изнемоштени лица за помош и нега во домот**. Оваа услуга ќе биде наменета за стари лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе. Имајќи

предвид дека корисниците на услугата се лица со најтешка попреченост, стари лица, слепи лица, се наметнува потребата од лиценцирани провајдери, стручни во оваа област.

2. **Поддршка и соработка со лиценцирани здруженија, и обезбедување на услугата лична асистенција** со цел да се придонесе за подобрување на квалитетот на живеење на лицата со попреченост и нивно рамноправно учество во заедницата.
3. **Промоција на обуката за лични асистенти за лица со попреченост и обука на негователи на стари лица**, со цел да се зголеми бројот на лица кои ќе бидат професионални даватели на оваа услуга.

**УСЛУГИ ВО ЗАЕДНИЦАТА**

1. **Изградба на пристапни рампи за лицата со попреченост**. Општина Битола ќе продолжи да ги подобрува условите за самостојно и непречено движење на лицата со попреченост (телесна попреченост). Во насока на тоа ќе се поставуваат рампи за полесен пристап до институциите и училиштата.
2. **Зголемување на опфатот на финансиска поддршка** на лица со попреченост за адаптација на пристапност, мобилност и функционалност на лицата.
3. **Центар за кариерно советување на Роми**. Поддршка од страна на општината за кариерно-здравствено советување на млади и возрасни од ромска националност.
4. **Обезбедување превоз на лицата со попреченост**. Со обезбедување на превоз на лицата со попреченост ќе им се олесни движењето на лицата со попреченост.
5. **Поддршка на здруженијата кои работат со лица со телесна и интелектуална попреченост**. Општината ќе продолжи да инвестира во насока на кампањи за подгинување на јавната свест за лицата со попреченост, како и разбирање на лицата со попреченост. Исто така, ќе се инвестира во обуки за работно ангажирање на овие лица.
6. **Финансиска поддршка за едукација на лица специјалисти за знаковен јазик**.
7. Поддршка на здружението на пензионери во насока на заедничка соработка за **развој на програма која вклучува здраво стареење** и активности наменети за пензионери.
8. **Зајакнување на капацитетите и поддршка на Шелтер центарот**. Особено е важно да постојат сместувачки капацитети за децата и жените- жртви на семејно насилство. Исто така, општината ќе обезбеди парична помош на жените- жртви на семејно насилство после напуштањето на Шелтер центарот.
9. **Интервентно сместување односно згрижување на бездомни лица и лица во ризик**. На овие лица ќе им се обезбеди привремен дом кои поради различни причини (пожар, студен бран, елементарни непогоди) останале без дом.

10. **Социјален погреб**. Општината ќе обезбеди поддршка за лица кои немаат семејство и социјално загрозени лица.

**УСЛУГИ ЗА ВОН-СЕМЕЈНА ЗАШТИТА**

Во Општина Битола има потреба од изградба на нови домови за стари лица, како и сместувачки капацитети за лица со попреченост.

## 4. СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Социјален ризик е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјално функционирање на поединецот. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот се: мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попреченост. Секој поединец, група, заедница е изложен на делувањето на бројни ризици од различна природа. Ризикот претставува состојба на изложеност на и висок потенцијал за опасност, штета, загуба или повреда. Според податоците добиени со мапирањето, во Општина Битола се идентификувани следните ризици:

1. Старост.
2. Лица со попреченост.
3. Сиромаштија.
4. Насилство.
5. Роми.
6. Деца.

Во табелата што следи се наведени социјалните ризици врз кои ќе се заснова идниот развој на услугите.

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни капацитети |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Старост** | 1.1. Стари лица +65 години<br>1.2. Стари и изнемоштени лица<br>1.3. Стари лица со хронични болести | - Услуги во домот (помош и нега во домот);<br>- Услуги во заедницата (услуга за дневен престој); | - Сертифицирани негователи;<br>- Медицински персонал;<br>- Волонтери; | - Услуги за стручна помош и поддршка;<br>- Услуги во домот;<br>- Услуги во заедницата;<br>- Услуги за вон-семејна заштита; | - Сертифицирани негователи;<br>- Медицински персонал;<br>- Волонтери;<br>- Психолози;<br>- Физиотерапевти; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.4. Стари лица со намален функционален капацитет (Алцхајмерова болест, Паркинсонова болест, Мултиплекс склероза и сл. ) | - Услуги за вон-семејна заштита; | | | |
| **2. Лица со попреченост** | 2.1. Лица со телесна попреченост;<br>2.2. Лица со интелектуална попреченост;<br>2.3. Лица со Даунов синдром и аутизам; | - Услуги за стручна помош и поддршка;<br>- Услуги за советување;<br>- Лична асистенција;<br>- Образовни асистенти;<br>- Услуги во заедницата (услуги за дневен престој, услуги за рехабилитација и реинтеграција на лица кои се соочуваат со социјални и/или здравствени проблеми, услуги за ресоцијализација); | - Образовни/Лични асистенти;<br>- Социјален работник;<br>- Психолог;<br>- Дефектолог;<br>- Специјален едукатор и рехабилитатор; | - Услуги на информирање и упатување;<br>- Услуги на стручна помош и поддршка;<br>- Услуги на советување;<br>- Услуги во домот;<br>- Услуги во заедницата; | - Образовни/Лични асистенти;<br>- Социјален ментор;<br>- Психолог;<br>- Дефектолог;<br>- Специјален едукатор и рехабилитатор;<br>- Здруженија на граѓани; |
| **3. Сиромаштија** | 3.1. Лица во социјален ризик;<br>3.2. Бездомни лица; | - Услуги за информирање; | - Вработени во ЈУ МСР Битола;<br>- Црвен Крст; | - Услуги на советување; | - Вработени во ЈУ МСР Битола;<br>- Црвен Крст; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.3. Невработени лица (над 55 години);<br>3.4. Долгорочно невработени;<br>3.5. Невработени млади лица; | - Услуги за стручна помош и поддршка;<br>- Услуга за привремен престој;<br>- Народна кујна;<br>- Еднократна парична помош;<br>- Социјален погреб; | - Општинска администрација;<br>-Вработени во АВРСМ Центар Битола | - Услуги на заедницата;<br>- Услуги на стручна помош и поддршка; | - Општинска администрација;<br>-Вработени во АВРСМ Центар Битола |
| **4. Насилство** | 4.1. Жени жртви на семејно насилство;<br>4.2. Мажи жртви на семејно насилство;<br>4.3. Деца жртви на семејно насилство; | - Услуги за стручна помош и поддршка;<br>- Услуги за советување;<br>- Услуги за привремен престој;<br>- Еднократна парична помош; | - Вработени во ЈУ МСР Битола;<br>- СВР Битола;<br>- Општинска администрација; | - Услуги на советување;<br>- Услуги на заедницата;<br>- Услуги на стручна помош и поддршка; | |
| **5. Роми** | 5.1. Деца, жени и млади Роми;<br>5.2. Невработени Роми;<br>5.3. Роми во социјален ризик; | - Услуги во заедницата (услуги за дневен престој);<br>- Услуги за информирање;<br>- Услуги за советување; | - Здруженија на граѓани;<br>- ЈУ МЦР- Битола;<br>-Вработени во АВРСМ Центар Битола | - Услуги на советување;<br>- Услуги на заедницата;<br>- Услуги на стручна помош и поддршка; | - Здруженија на граѓани;<br>- ЈУ МЦР- Битола;<br>-Вработени во АВРСМ Центар Битола |
| **6. Деца** | 6.1. Деца (м/ж)<br>6.2. Деца од семејства со нарушени односи;<br>6.3. Деца во судир со законот; | - Услуги во заедницата (услуги за дневен и привремен престој);<br>- Услуги на советување; | - Детски градинки;<br>- ЈУ Дом за доенчиња и мали деца;<br>- ЈУ МСР Битола; | - Услуги на советување;<br>- Услуги на вон-семејна заштита;<br>- Услуги во заедницата (дневен | - Детски градинки;<br>- ЈУ Дом за доенчиња и мали деца;<br>- ЈУ МСР Битола; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 6.4. Деца од претшколска возраст од град/село;<br>6.5. Деца на улица;<br>6.6. Деца без родители и родителска грижа; | - Услуги на вон-семејна заштита; | | и привремен престој); | |

## 5. КАПАЦИТЕТИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ НА ЛОКАЛНО НИВО

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура и опрема (постоечки, во градба, реконструкција, адаптација, нема) | Капацитет/опфат, број на корисници, површина, територија | Потребни финансиски средства | Извори на финансирање | Соработка | Време/период на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуги на информирање** | Изработка на информатор за сите видови на услуги за ранливи категории на граѓани | Веб страна на општината | Сите корисници | 150.000 ден | Општина Битола | Здруженија на граѓани | 4 години |
| | Изработка на база на податоци за сите корисници на социјални услуги | Сервери на општината | Сите корисници | 300 000 ден | Општина Битола | ЈУ МСР Битола Здруженија | 4 години |
| **Услуги на стручна помош и поддршка** | Финансиска помош за едукација и превенција од малигни заболувања, здраво стареење, социјална и | Човечки ресурси, опрема, јакнење на капацитети | Стари, изнемоштени и стари лица со хронични болести, пензионери, лица во социјален ризик, | 400 000 ден<br><br>100 000 ден | Општина Битола<br><br>Донации Грантови | ЈУ МСР Битола Здруженија | 4 години |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | дигитална инклузија на млади и возрасни и Роми, лица со попреченост, како и психо-социјална поддршка на жени-жртви на семејно насилство и превенција од девијантни однесувања | | лица со попреченост, жртви на семејно насилство (мажи/ жени/деца), деца во судир со законот во Битола | | | | |
| | Еднократна парична помош на физички лица изложени на социјален ризик, жртви на семејно насилство, лица со попреченост, семејства погодени од елементарни непогоди, помош за лекување, поддршка на лица со ретки болести, згрижувачки семејства | Човечки ресурси | Лица во социјален ризик, жрвти на семејно насилство, лица со попреченост, лица со ретки болести, згрижувачки семејства во Битола | 4.000.000 ден | Градоначалник, Комисија за буџет | ЈУ МСР Битола | 4 години |
| | Партиципација на детски градинки, помош во згрижувањето на деца од загрозени семејства во детските градинки, како и деца од | Човечки ресурси | Деца од загрозени семејства, деца на родители жртви на семејно насилство и деца на лица со попреченост во Битола | 2.500.000 ден. | Општина Битола, градинки | | 4 години |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | родители жртви на семејно насилство и деца на лица со попреченост | | | | | | |
| | Одржливост на регионален ресурсен центар за слепи и слабовидни лица за обезбедување обуки за изучување на брајово писмо, компјутерски обуки за слепи лица со гласовна команда[8] | Човечки ресурси, опрема | Слепи и слабовидни лица во Битола | 60 000 ден | МТСП Општини Битола, Демир Хисар, Новаци, Могила, Ресен Членари на членовите | МТСП, ЈУ МЦСР -Битола, здружение на слепи лица, Општини | 4 години |
| **Услуги на советување** | Поддршка здруженијата на граѓани кои нудат советување во делот на свесно родителство и социјално менторство | Човечки ресурси | Лица во ризик или се во социјално маргинализирана положба, млади лица без родителска грижа, долготрајно невработени, корисници на гарантирана минимална помош, лица со телесна попреченост или жртва на насилство во Битола | 300 000 ден | Општина Битола<br><br>Грантови Донации | Здруженија | 4 години |
| | Програма за социо-економско | Човечки ресурси | | 200 000 ден | Општина Битола | ЈУ МСР Битола Здруженија | 4 години |

[8] Центарот е формиран со поддршка на УНДП и 5 те општини.За негово функционирање изготвен е елаборат според кој на годишно ниво потребни средства за функционирање се 1.500.000 ден од кои од МТСП се побаруваат 1.000.000 ден. додека општините според Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка ќе финансираат со 2% од буџетот за финансирање на Здруженија на граѓани.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | зајакнување на жените- жртви на семејно насилство (развој на вештини за самовработување, како и личен развој на жените- жртви на семејно насилство). | | Жртви на родово базирано и семејно насилство во Битола | | | -Вработени во АВРСМ Центар Битола | |
| | Зајакнување на капацитетите на Советот за превенција на детско престапништво и Советот за женско претприемништво за реализација на активности; | Човечки ресурси, простории | Жртви на семејно насилство, деца од основно/средно образование, жени жртви на родово базирано и семејно насилство и жени од Битола | 500 000 ден | Општина Битола | Здруженија | 4 години |
| **Услуги во домот** | Зголемување на капацитетите на социјалната услуга за грижа на болни и изнемоштени лица за помош и нега во домот. | Човечки ресурси | Ангажирање на 15 негователи | 1.200 000 ден | МТСП Грантови Светска Банка ОО Црвен Крст | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, ОО Црвен крст | 4 години |
| | Поддршка и соработка со лиценцирани здруженија, и обезбедување на услугата лична асистенција | Човечки ресурси | Обука на 20 асистенти | 480 000 ден по обука | МТСП Грантови Светска Банка ОО Црвен Крст | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, ОО Црвен крст | 4 години |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Промоција на обуката за лични асистенти за лица со попреченост и обука на негователи на стари лица | Човечки ресурси | Стари лица над 65 години и лица со попреченост во Битола | 200 000 ден | Општина Битола | ОО Црвен Крст АВРСМ Центар Битола | 4 години |
| **Услуги во заедницата** | Изградба на пристапни рампи за лицата со попреченост | Човечки ресурси | Лица со попреченост во Битола | 500 000 ден | Општина Битола Грантови Донации | Здруженија | 4 години |
| | Зголемување на опфатот на финансиска поддршка на лица со попреченост за адаптација на пристапност, мобилност и функционалност на лицата. | Човечки ресурси | Лица со попреченост во Битола | 500 000 ден | Општина Битола Грантови Донации | ЈУ МСР Битола Здруженија | 4 години |
| | Центар за кариерно советување на Роми | Човечки ресурси | Лица од Ромска националност | 300 000 ден | Општина Битола Грантови Донации | Здруженија ЈУ МСР Битола АВРСМ Центар Битола | 4 години |
| | Обезбедување превоз на лицата со попреченост | Човечки ресурси, возила | Лица со попреченост во Битола | | | | 4 години |
| | Поддршка на здруженијата кои работат со лица со телесна и интелектуална попреченост во насока на кампањи | Човечки ресурси | Лица со попреченост во Битола | 400 000 ден | Општина Битола Грантови Донации | Здруженија АВРСМ Центар Битола | 4 години |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | за подгинување на јавната свест за лицата со попреченост и во обуки за работно ангажирање на овие лица. | | | | | | |
| | Финансиска поддршка за едукација на лица специјалисти за знаковен јазик | Човечки ресурси | Дефектолози | 200 000 ден | Општина Битола | ОО Црвен Крст | 4 години |
| | Развој на програма која вклучува здраво стареење | Човечки ресурси | Пензионери, лица +65 години | 200 000 ден | Општина Битола<br>Донатори<br>Грантови | ЈУ МСР Битола<br>Здруженија | 4 години |
| | Зајакнување на капацитетите и поддршка на Шелтер центарот | Човечки ресурси<br>Сместувачки капацитети | Лица жртви на семејно насилство во Битола | 2 000 000 ден | Општина Битола<br>Донатори<br>Грантови<br>МТСП | ЈУ МСР Битола<br>Здруженија | 4 години |
| | Интервентно сместување односно згрижување на бездомни лица и лица во ризик | Човечки ресурси<br><br>Сместувачки капацитети | Бездомници | 1 000 000 ден | Општина Битола | ОО Црвен Крст | 4 години |
| | Социјален погреб | Човечки ресурси | Лица во социјален ризик во Битола | 200 000 ден | Општина Битола | ЈУ МСР Битола | 4 години |
| **Услуги на вон-семејна заштита** | Изградба на нови домови за стари лица | Човечки ресурси<br>Објекти | Лица над 65 години | Потребно е да се изработи технички документација, елаборати | МТСП<br>Грантови<br>Светска Банка | МТСП<br>ЈУ МСР Битола | 4 години |

## 6. ИНДЕКС НА СЛЕДЛИВОСТ

| ЦОР Цел | ЦОР Опис | Подцел | Активности | Индикатор | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦОР 8. | Промовирање одржлив, инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите | 8.5 До 2030 година, постигнување на целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите жени и мажи, вклучително и за младите и лицата со попреченост, и еднаква плата за работа со еднаква вредност | | 8.5.2 Стапка на невработеност на лица со попреченост | 50 | 40 | 30 | 20 |
| | | | | | | | | |
| | | | Информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на Центарот за вработување | Број на информирани лица | 50 | 50 | 50 | 50 |
| | | | Кариерно советување за образование на деца роми и нивните родители | Број на советувани лица | 20 | 20 | 20 | 20 |
| | | | Економско зајакнување и вработливост за ранливи групи (Социјално менторирање) | Број на лица со попреченост кои имале социјално менторирање | 20 | 20 | 20 | 20 |
| ЦОР 1. | Крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде | 1.3 Спроведување на национално соодветни системи и мерки за социјална заштита за | | 1.3.1. Пропорција на лица со попреченост население | 10 | 20 | 20 | 20 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | сите, и до 2030 година постигнување на значителна покриеност на сиромашните и ранливите) | | опфатен со нивоа/системи за социјална заштита | | | | |
| | | | Регионален ресурсен центар за слепи лица –одржливост | Број на корисници на ресурсниот центар | 20 | 30 | 40 | 50 |
| | | | Поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик (жртви на семејно насилство, роми, лица со попреченост) | Број на подржани ЗГ | 2 | 4 | 6 | 8 |
| | | | Поддршка на ЗГ да се лиценцираат за даватели на услуги | Број на лиценцирани ЗГ како даватели на услуги | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | | Дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост | Број на корисници на дневниот центар | 20 | 30 | 40 | 50 |
| | | | Создавање на датабаза на спортски клубови кои интегрираат деца со попреченост во спортските активности. | Број на регистрирани спортски клубови | 10 | 20 | 30 | 40 |
| | | | Инклузија на деца со попреченост во спортски настани | Број на деца со попреченост вклучени во спортски настани | 100 | 200 | 300 | 400 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦОР 4. | Обезбедување инклузивно и правично квалитетно образование и промовирање на можности за доживотно учење за сите | 4.5 До 2030 година, елиминирање на половите разлики во образованието и обезбедување еднаков пристап до сите нивоа а образование и стручна обука за ранливите групи, вклучително и лицата со попреченост, локалното население и децата во ранливи ситуации) | | 4.5.1 Деца со попреченост вклучени во редовно образование | 20 | 30 | 40 | 50 |
| | | | Обука за лични/образовни асистенти на лица со попреченост | Број на лични асистенти | 20 | 30 | 40 | 50 |
| | | | Дневен престој за деца со посебни потреби по основните училиштата | Број на корисници на дневниот престој за деца со посебни потреби | 10 | 20 | 30 | 40 |
| ЦОР 11. | Направете ги градовите и човечките населби инклузивни, безбедни, издржливи и одржливи | 11.2 До 2030 година, обезбеден пристап до безбедни, достапни, достапни и одржливи транспортни системи за сите, подобрување на безбедноста на патиштата, особено со проширување на јавниот превоз, со посебно внимание на потребите на оние во ранливи ситуации, жени, деца, лица со | | 11.2.1 Пропорција на лица со попреченост кое има удобен пристап до јавниот превоз | н/а | 10 | 20 | 30 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | попреченост и постари лица | | | | | | |
| | | | Зголемување на бројот на возила адаптирани за лица со попреченост и нивна употреба во јавен превоз | Број на возила адаптирани за лица со попреченост | 1 | 2 | 3 | 4 |

## 7. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ

Дозвола за вршење на работи  од социјална заштита, односно лиценцата за работа на давателите на социјални услуги ја дава Министерството за труд и социјална политика, согласно Законот за социјална заштита. Соодветно на новите социјални услуги ќе се врши дополнително лиценцирање.

## ПРИЛОЗИ
## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Врз основа на член 22 член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 141 и 142 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ" бр.104/19 и 146/19 ) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола" бр.10/05 и 17/08), Советот на општината Битола на седницата одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

### О Д Л У К А
### за формирање на Општински Совет за социјална заштита

Член 1

Со оваа Одлука се формира Општински Совет за социјална заштита како советодавно и координативно тело заради остварување на соработката и зацврстување на влијанието во делот на социјалната заштита

Член 2

Општинскиот Совет за социјална заштита има за цел да се изградат заеднички препораки за подобрување на социјалната заштита преку развивање на локални мерки и активности

Член 3

Општинскиот Совет за социјална заштита е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации, во следниот состав:

1.Претставници од општинска администрација
2. Претставници на Советот на Општина Битола
3. Претставник од сектор за внатрешни работи
4. Претставник од Основно Јавно обвинителство
5. Претставник од Клиничка болница
6. Претставник од Центарот за вработување
7. Претставник од ЈЗУ „Здравствен дом"
8. Претставници од Центар за социјални работи
9. Претставник од Бирото за развој на образованието
10. Претставници на Здруженија на граѓани
11. Претставници на Урбани заедници
12. Претставници од религиозните заедници

Советот е отворен за соработка и со други субјекти и во својата работа ќе ги вклучува при разгледување на одредени прашања во зависно од темата за која заседава.

Секој од горе наведените институции ќе именува свои претставници во рок од еден месец од донесувањето на одлуката.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 09-130/3
30.09.2019 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Валентин Груевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА